СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  шестото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**VI продолжение на 71 -та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 1997 г.**

Дискутанти: Дневен Ред:

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 87 - Пратенички прашања:
2. АБДИ ФАИК - 2, 22, 24
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 91, 99
4. БЕЛЧЕВ ЉУПЧО - 65
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 12, 16, 17
6. ГАЈТАНОВСКИ ИЛИЈА - (Зам.мин.за Внатрешни р.) 25, 34, 44, 55, 84, 99, 121,122,130
7. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 5, 7, 8
8. ДАВЧЕВ САНДЕ - 21
9. ДОКУЗОВСКИ КИРО - (мин.за земјод.) 6, 11, 40, 46, 47, 59, 67, 76, 83, 89,104,110, 114, 115
10. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 21, 134, 135
11. ЗИБЕРИ НАСЕР - (мин.за труд )- 16, 17, 20, 24, 54, 63, 77, 83, 86, 96, 98, 117, 125
12. ИБРАИМИ САМИ -18
13. ИЛИЕВСКИ ПЕТАР (мин.за здравст).- 22, 42, 44, 95, 121,134
14. ЈАШАРИ ХАСАН (зам.мин.за образов,)- 47, 105, 131, 133
15. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 60, 63.
16. КАРОВ ЗВОНКО - 13540. ТРАЈКОВ РИСТО - 9,11,12.
41. ТАЖТАРОВ ВЕЉО - 17,34,37,45-
17. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 79, 80, 84, 86.
18. КАРОВ ИЛИЈА -100,102
19. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 122
20. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 26
21. МАЉИЧИ НАЗМИ - 120, 122
22. МУРАТИ ЏЕЛАДИН -76 (води седн.)
23. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 19, 56
24. МУСОВСКИ ФЕРИД - 54, 56.
25. МИНОВ ПАНЧО - 1о6, 1о7,1о8,113, 115, 116, 117, 119.
26. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 50, 51, 53
27. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 124, 125, 126.
28. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 73, 76, 77
29. ПЕТКОВСКИ ТИТО -1, 4..(води седн.)
30. ПУРДЕ НАЏИ - 65
31. ПЕТКОВСКИ БРАНКО -(зам.мин.за сообр.и врски ), 15, 28, 56, 62, 118.
32. ПЕТРУШЕВСКИ БЛАГОЈА -(зам.мин.за стопанст.), 28, 52, 59, 98
33. РУЖИН НАНО - 64
34. СПАСОВ ЃОРЃИ - ( мин. за Правда ) 24, 33
35. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4, 126, 130, 133, 134
36. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 49
37. СТОЈАНОВСКИ БЛАГОЈ - 8
38. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 90
39. СУЛЕЈМАЖИ РИЗВАН - 46
40. ТРАЈКОВ РИСТО – 9, 11, 12
41. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 17, 31, 37, 45
42. ТРОМБЕВ ТОМЕ – 26, 28 (м.за Урбан.)
43. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 68, 71
44. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 30, 34
45. ЧАПОВ СЛАВЧО - 88
46. ШАКИРИ ХИСНИ - 77

- КРАЈ –

# СТЕНОГРАВСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24 септември 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците Ристо Марковски, Борис Костаќев, Бранирод Михајловски, Атанс Вангелов, Никола Поповски, Хисен Рамадани, Тодосие Паунов и Зоран Шапуриќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува. Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Бранко Арсовски, Назми Малиќи, Зоран Шапуриќ, Здравко Стојковски, Зекир Кадриу, Сами Ибраими, Дане Милошевски Мирко Пецов, Вељо Тантаров, Владимир Соколовски, Борис Костаќев, Томислав Стојановски, Ризван Сулејмани, Рубинчо Белчевски, Душан Николовски, Живко Јанкуловски, Амди Бајрам, Бранирод Михајловски, Славчо Чапов, Горѓи Атанасов, Ристо Николовски, Слободан Пановски, Мирко Трипуновски, Аце Коцевски, Владимир Станковски, Хисен Рамадани, Драган Георгиев, Димитар Трпеновски, Ристо Трајков, Слободан Најдовски, Славко Котевски, Благој Стојковски, Слвачо Чапов, Здравко Стојковски, Љупчо Беличев, Борис Павлов, Пеце Стојановски, Петар Талинџиоски, Стојче Ковачевски, Александар Гештаковски,Наум Симјановски, Кире Видимче, Јован Лазаров, Газменнд

Ајдарага, Мирко Лазаревски, Панчо Минов, Фаик Абди, Јован Николов, Звонко Каров, Љубомир Чадиковски, Хисни Шакири, Мевљан Таири.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања , во врска со истите имаат дополнителни прашања.

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе почитувани министри, дами и господа пратеници,

Јас бев поставил повеќе прашања до Владата на РМ, добив пет-шест одговори . Но, од ова што го добив како одговор би сакал нешто да прокоментирам заради доброто на оваа наша држава.

дно од прашањата е околу фондот за неразвиени подрачја односно Агенцијата за помагање на неразвиени општини и краишта.

Јас барав оваа точка да биде внесена и во дневниот ред како точка меѓутоа се согласив да биде како одговор на пратеничко прашање.

Последниот став од одговорот каде што стои: "Имајќи ја предвид сложеноста и обемноста на работата такви податоци неможе да се очекуваат во блиска иднина поради што неможе да се очекува бараните измени на регулативата да се предложат пред донесување на Буџетот на РМ". Мислам дека оваа работа треба да се забрза затоа што средствата ќе доаѓаат, тие се средства по пат на автоматизам се прибираат во фондот за развој и ќе почнат да се трошат. Поради тоа потребно е малку повеќе ангажирање, ние имаме 123 општини,па да можат тие неразвиени општини да користат дел од тие средства.

Барам, ова што е поставено, бидејќи одговор неможе да се даде на време односно во блиска иднина, да се вложат напори тоа да се направи заради тоа што имаме 123 општини и средствата доаѓаат па тие да не се

трошат како и досега во овие поранешни општини.

Имам одговор на едно прашање што се однесува до здравствоот. Тоа е прашањето во какви услови работи здравството.

Овде во материјалот што вие го имате предложени се мерки за надминуваше на состојбите, меѓутоа јас само би додал дека под итно треба да се исфрлат од употреба тие дотраени лажици, виљушки тањири, давање супа во веќе испуканите пластични чаши и тн. Господа па тоа се наши болни, наши луѓе. Исто така под итно да се исфрлат од употреба тие стари чаршави кои кој знае од кога се по болниците и некои други работи. Треба да се изнајдат средства за таа намена затоа што е лоша ситуацијата, смрди по болниците, во клиничкиот центар, не секаде но во поедини делови.

Има овде едно прашање околу средствата што ги даде Северна Рајна Весвалија дека се дојдени 59 милиони денари, потрошени 59 милиони.

Ако се сеќавате јас многу пати поставувам такви прашања и добивам одговор, да речеме од средствата што ги испрати Северна Рајна Весвалија по доаѓањето на претседателот на Северна Рајна Весвалија и неговиот престој во Шуто оризари во една голема улица , Виетнамска и една друга улица "Нов живот" каде што канализацијата односно фекалиите се гледаат надвор итн. дека тие пари се вратени и се наоѓаат во градската каса. Таков одговор добив јас своевремено од екс министерот Шундовски.

Сега јас не добив таков одговор, добив одговор како да е се во ред. Затоа мислам дека мора да има нешто тука . Неможе со два аршина една иста работа да се прикаже. Тоа се лоши работи И неможе да се прикаже едно училиште кое е направено пред 20 години дека е сега направено, една детска градинка од тие 2% што ги дававме а се прикажува дека сега е направена и се прикажува дека е направен од тие

средства и амбуланта дека е направена од тие средства. Како што вели народот некоја далавера има. Кој ќе ја открие далаверата господ знае.

Тоа е по однос на добиените одговори. Подоцна ќе се јавам по дополнителни прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате појаснување или тоа се дополнителни прашања.

**ФАИК АБДИ:**

Ова го кажав по однос на прашањата на кои добив одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Од повеќето одговори јас само ќе коментирам еден. Прашањето беше, зошто е дозволено да се гради без соодветна документација индустриски објект, голем загадувач на човековата околина за финално производство на суви малтери во непосредна близина на селото Непроштено и манастирот Св. Горѓи.

Добив одговор дека е издадена дозвола за административен објект и дека ќе бидат преземени соодветни мерки. Јас ќе ви покажам за каков администритативен објект се работи, а кој административен објект е со многу силоси, транспортни траки, дробалки и тн. Тогаш јас не знам што е тоа.

Според тоа одговорот неможе да ме задоволи, ова е типично изигрување на прописите. Во интерес на авторитетот и она што значат компетенции на Владата, ве молам да се преземаат конкретни мерки за спречување на финализирањето на еден ваков објект. Вакво нешто да ни се случува пред очите на јавноста, пред се треба да биде навреда за

ресорното министерство. Инаку се друго мораме да го ставиме во рамките на она што мојот претходен колега го изнесе, сомнежи, сомнежи, сомнежи и да не употребиме други потешки зборови.

Г-дине министре една фотографија на вас ќе ви оставам така да нема потреба да бележите ништо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немате дополнително прашање, само барате интервенција од министерството.

Сеуште сме на делот на одговорите на поставените прашања до колку некој од пратениците што ги прочитав а кои поставиле прашања а добиле одговори, не се задоволни од нив.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе.

До Владата поставив пратеничко прашање дали се спроведуваат мерките околу пласманот на јаболката, пред се овозможување на услови за извоз на јаболката. Во тој дел на одговорот на поставеното прашање сум задоволен.

Во однос на другиот дел, што мисли Владата да превземе околу некои други поконкретни мерки, дали ќе воведе нови мерки и н не сум задоволен и затоа поставувам дополнително прашање.

Тогаш тоа прашање го поставив до Владата затоа што тоа го спроведуваше координативно тело. Сега прашањето го упатувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашувам: Дали предложените мерки од страна на Владата околу пласманот на јаболката за родот од оваа реколта ќе продолжат во оваа година и дали Владата мисли да превземе други мерки, пред се дали мисли да воведе извозни стимуланси за извозот на јаболката. Тоа е едниот дел од дополнителното прашање.

Друго, го прашувам министерот за земјоделство, што мисли Владата односно ресорните министерства околу пласманот на индустриското јаболко. Поконкретно да го дефинирам прашањето . Дали тој Проимпекс ипос - Преспа,единствена фабрика за јаболка за преработка на јаболка ќе проработи оваа година, бидејќи потполно се исполнети условите. Постои фабрика во која се вложени средства, постојат работници кои не примаат плата, постои 10-15 илјади тони индустриска јаболка и од сето тоа губат индивидуалните земјоделци и губи државата од остварување на нето девизен прилив од преработениот концетрат.

Прашувам дали ќе проработи фабриката и ќе го прими родот на јаболката.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

За првиот дел од прашањето, во мерките за поттикнување на извоз на јаболкото и него пласман определено е годинава да се врзува со увозот на јужно овошје во однос 1:1 за столно грозје со јужно овошје и во однос 1:2 во корист на јаболкото.

Критериумите за добивање на согласности за тие што ќе сакаат да увезуваат се објавени во министерството на огласна табла. Тоа значи дека сите увозници прво треба да извезат јаболко за да остварат право да увезуваат јужно овошје. Цениме дека оваа мерка ги даваше и годинава треба да даде уште поголеми ефекти,со нагласка дека уште повеќе ќе ја заоштриме контролата околу правилна примена на оваа одредба.

По однос на прашањето за ИПОС Преспа, лично сум се ангажирал и како министер и во Владата се прават сите ангажмани, спорот настанат со продажбата со трансформацијата на ова претпријатие или купувањето од Проимпекс да се разреши , не успеавме. Започнат е спор за кој сум песимист дека ќе трае долго. Тоа да не биде критика но спровотие во

судството особено ваквите стопански долго трајат и јас не верувам дека тој спор брзо ќе се реши. Ниту Владата, а јас уште помалку можам да влијаам за разрешување на овој судски спор за кој ќе повторам, долго трае! Судството е самостојно иако одговорноста е пред нас да бараме да биде што е можно поефикасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

За првиот дел од одговорот сум задоволен. Во вториот дел од одговорот не сум задоволен бидејќи сметам дека Владата може и понатаму да презема одредени мерки во однос на сите заинтересирани во овој спор, бидејќи јас истакнав сите услови постојат а за 10-15 илјади тони индустриско јаболко кое ќе пропадне и државата од нето девизен прилив губи и губат индивидуалните земјоделци. Сметам дека може да се направат други напори согласно деловникот.

Бидејќи не сум задоволен од одговорот, барам Владата да изготви информација во кој рок може министерот и после изготвената информација, согласно Деловникот ќе барам Парламентот да расправа по таа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате дополнително прашање .

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Од вас барам да постапите согласно Деловникот. Не сум задоволен од вториот дел од одговорот. Јас кажав што барам, согласно Деловникот до колку пратеникот не е задоволен бара од Владата да изготви информација и подоцна Парламентот да се изјасни дали ќе расправа по таа материја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот прифати таква информација, затоа не го ставам на гласање. Кога ќе ја добиете информацијата, ќе го ставам прашањето на дневен ред, дали да се расправа по истото.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас не слушнав дека министерот прифатил.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве јас соопштувам јавно дека министерот прифати да из- готви таква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

На една поодамнешна седница на Парламентот во име на пратеници од Куманово побаравме дали може да се донесе забрана за наводнување од реката Коњарка и Кумановка, бидејќи сметаме дека не постои позагадена река во РМ.

Добивме одговор по однос на тоа прашање, од кој одговор не сме задоволни а во кој стои дека река Коњарка и Кумановка се реки кои се сврстани во трета категорија и кои може да се врши наводнување. Всушност треба да ги исполнат условите од трета класа во која се распоредени води што во природата може да се употребуваат за наводнување.

Бараме да ни се даде кој изврши класификација на оваа река бидејќи во реката не постои ни животински ни растителен свет. Тој комплетно е уништен.

За исто прашање знаејќи кој е најголем загадувач на оваа река, поставивме прашање што се превзема, отпадните води од свињарска

фарма која е во горниот ток на реката»да бидат забранети за испуштање во реката. Тогаш одговор даде министерството за земјоделие бидејќи сеуште не бевме го донеле законот за екологија.

Морам да кажам дека во одговорот се констатирани оние работи што ние ги констатиравме и на крај завршува дека се дадени решенија до свињарската фарма и при повратниот инспекциски преглед е констатирано дека наложените работи се во фаза на извршување. Од наложените работи во фаза на извршување, морам да кажам дека и оваа година целиот град Куманово беше под еден страшен притисок на неподнослива смрдеа од реката Кумановка, од водите што се испуштаа од свињарската фарма.

Бараме за наредната седница да добиеме одговор во писмена форма, што презеде надлежното министерство, бидејќи сега дојдовме во една нова состојба дека за овие работи е надлежно Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи барате одговор во писмена форма.

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Ќе поставам две дополнителни прашања за кои од дадените одговори не сум задоволен.

Едното прашање беше за интензитетот на градба на магистралниот патен правец Штип - Струмица.

Не сум задоволен од одговорот од причини што во меѓувреме се направи писмо со намери за задолжување на Меѓународните организации за кредит за патните правци во Македонија.

I/10

Прашувам зошто не се почитувани критериумите за предлагањето кои патни правци можат да бидат внесени во ова писмо на намери Имено, тие критериуми се неопходни, со ревитализација на постојните објекти. Овој објект е постојан.

**РИСТО ТРАЈКОВ:** (Продолжение)

Друго, степенот на изграденоста на започнатите објекти овој објект е започнат од 1993 година да се гради, а има изградено досега само 21 километар. И трето, придонес за развојот во поглед на создавањето услови за зголемување на производството. Ако некаде производство има, тоа е Источна Македонија. Значи ниеден критериум од овие не е запазен при изготвувањето на писмото со намери.

Второ дополнително прашање, исто така не сум задоволен од одговорот што го поставив до Министерството за земјоделие, а повод беше враќањето на производството од хрватската граница, а причини беа болестите лигавка и шап. Сите региони што беа опфатени од оваа болест, стоката што се уништи се плати, а производството што се врат од хрватската граница беше ветувано од тогашниот министер дека ќе биде платено по откупните цени. Конкретно бостанот беше тогаш по два денари, тоа сеуште не е сторено на производителите. Зошто не се ставаат овие луѓе во иста положба. На едните стоката се плати по илјада германски марки по грло, а на овие по денари од килограм не сакаме д им платиме. Сега овие се ставаат во една положба, другите во друга положба.

Прашувам зошто не е исплатен овој дел од обврската што ја превзеде некогашниот министер Никола Параќеов.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Во првиот дел на прашањето, зошто е вратена стоката и зошто не е платена, ќе одговориме писмено, што е ветено незнам, сигурно пратеникот има право меѓутоа, должам одговор да дадам дека не е исто уништување на добиток заразен од заразна болест лигавка и шап и други

кои се од таков карактер, државата има обврска да ги уништи и да ги плати, а друго е враќање на стока од граница заради други причини кои не се врзани можеби со лигавката и шапот. Оттаму, сакам да кажам да направиме споредба, меѓутоа останувам во обврска министерот што ветил да одговориме, дали е ветено така, кој биле мотивите за тоа ветување, писмено да известиме.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Тврдам причината за враќањето на ова производство беше точно болеста лигавка и шап. На сите тоа добро им е познато и сето производство што се врати од хрватската граница се пописа, се направи попис на вратените количини, дури и возилата беа испишани од страна на Министерството за земјоделие. Мислам да не ја исклучуваме од овој дел болеста лигавка и шап.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, господа министри, почитувани колеги. Едно прашање кое одамна сум го поставил и за кое се обидувам упорно да најдам одговор, додека во неколку наврати сум поставил и дополнителни прашања но ете за среќа или за несреќа уште немам добиено одговор.

Имено, се однесува на патниот правец Велес преку Бабуна за Прилеп. На 12 февруари поставив дополнително прашање за тој патен правец за која барав да ми се даде динамиката ако ја имаат направено, кога се мисли да се инвестира во овој патен правец односно кога ние граѓаните од тој регион тој патен правец ќе го добиеме. Тоа го прашав како дополнително прашање на 12 февруари и на 13 јуни добив одговор кој содржи се на се 6 или 7 реда, значи четири месеци требаше за да

се состават тие 6-7 реда и во кои накратко се кажува дека сеуште немаат поима, или немаат план како тоа ќе се изведува. Мислам дека ќе беше многу почесно и многу поедноставно, а јас немам причина да не верувам во она што пишува, тоа исто беше кажано овдека на седница, а не да се рече дека ќе се одговори писмено и тоа писмено да го добијам после четири месеци со 7 реда во кои стои дека засега не се знае што ќе биде, ќе видиме понатаму.

Јас морам да потсетам овде дека од оваа говорница кон крајот на 1995 година беше ветувано од тогашниот министер за сообраќај дека тој патен правец во текот на 1996 година ќе има апсолутен приоритет во Македонија. Јас верував цврсто на тоа, но излезе дека не било баш така сеуште се протежира ПАТНИОТ ПРАВЕЦ Скопје – Гостивар - Тетово, дали заради коалицијата СДС - ПДП незнам, излезе дека ние како Битолски крај засега не сме актуелни и интересни. Затоа повторно го поставувам прашањето да ми се одговори конкретно: Кога и како се мисли да се гради овој патен правец и дали ние граѓаните од тој регион ќе го добиеме тој патен правец.

Второ дополнително прашање е своевремено добивме еден извештај или информација која ја бараше пратеникот Аце Коцевски за невработеноста во Република Македонија и тој извештај за жал Пратеничката група на СДСМ не дозволи да се разгледува и да се расправа во Собранието. Во врска со тој извештај поставив прашање пратеничко во кое прашав како е можно , во извештајот така стои во Битола во период од неколку години бројот на невработени е фиксен 10.711,00, а од друга страна тие податоци што јас ги имам тој број е драстично поголем. За жал во информацијата ни беше кажано дека извештајот што го доставиле е добиен врз основ ана Заводот аз статистика и се чудев од каде јас тие бројки ги добивам, јас би можел да

II/.-4.-

Ви кажам дека тие бројки ги добивам од Заводот за вработување како редовни извештаи секој месец, како и многу други што ги добиваат и морам да констатирам дека бројките од тој извештај што ги добивме , информацијат6а која што ја бараше Аце Коцевски во однос на реалните бројки, претпоставувам реалните, од Заводот за вработување не се согласуваат за повеќе од 60%. Сеуште немам добиено конкретен одговор, ако е грешка чесно е да се признае дека згрешивме, ако не е грешка, тогаш убедете ме дека не е грешка оваа бројка што стои тука 10.714,00 на почетокот на 1995 е вистинска. Само за информација на крајот на април во Битола ила 20.606,00 невработени. И на крајот дополнителна информација во врска со пратеничкото прашање кое го поставив, а се однесуваше на стопанските субјекти кои делуваат во Битола и барав извештај за периодот од 1992 до денеска. Дел од тој извештај би го прифатил и е во ред, но би сакал само малку да коментирам и да го компарирам со ова претходното, бидејќи и во тој извештај има делови каде што се спомнуваат број на вработени. Само да кажам дека разликата меѓу вработените во 1994 и 1995 е три илјади. Во Вашиот извештај што го добивме пишува дека нема никаква разлика во невработеноста. Значи тие три илјади и повеќе не се вработени, ама не се ни невработени. Овие два документи од Владата, а во вториот документ односно во информацијата за активностите, во вториот дел каде што барам да ми се одговори што Владата планира да направи со цел да се активираат одредени стопан ски активности да почне полека да делува стопанството би кажал што ми е накратко одговорено и што треба да се одговори.

Кажано ни е дека како прво во овој период се донесе законска регулатива за функционирање на стопанскиот систем во земјата.

Второ, воспоставен е процес на економска стабилизација на одржување на стабилен курс и остварен е пораст на девизните резерви

во земјата. Потоа кажува дека се очекува пораст на инвестиционата активност и слични работи. Јас би замолил да добијам информација што Владата конкретно презеде за динамизирање на стопанските активности, а не она што го пишува во програмите, бидејќи тие програми ги читаме и знаеме што пишува . Би замолил за оној додаток што конкретно е превземено и нормално, ако има можности, што од тоа е добиено како резултат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате сега да Ви се одговори?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

По можност сега.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Што се однесува за патниот правец Велес - Прилеп преку Бабуна, за овој правец постои физилибити студија, која што студија е доставена до повеќе финансиски институции и Европската банка, Светската банка и се чека реагирање од тие банки, односно финансиски институции.

Што се однесува до активностите на Владата, на ресорсното министерство,морам да Ви одговорам дека максимални напори се прават овој патен правец како приоритетен во Република Македонија, со оглед на конфигурацијата на теренот на Македонија, и многу други потешкотии за време на зимскиот период, така да тој е влезен и во новиот коридор 10 како пократок,тоа е коридорот Север и Југ, кој што на последната Паневропска конференција за сообраќај е усвоена. Така да овој коридор се прават големи напори да влезе и ќе влезе како поткрак во склоп на коридорот број 8, така да максимални напори се прават овој

патен правец со оглед на она што го реков, влезе и се заинтегрираат одредени финансиски институции од надвор, бидејќи свесни сме за економската моќ дека до крај оваа држава во моментот не ќе може да го заврши овој патен правец. Но сепак останува како приоритет и верувам дека ќе се продолжи и ќе има заинтересирани финансиски институции овој пат да се изгради.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Од господинот Видимче јас слушнав само негови коментари по однос на податоците што се дадени во однос на информацијата, што е негово право. Доколку тој не е задоволен од вториот дел, околу мерките за реактивирање на одделни стопански субјекти кој би биле во во прилог на намалување на бројот на невработените, тоа е исто така е негово право да побара, но тоа ќе го дадеме во вид на дополнување на пратеничкото прашање, а не како информација на Владата.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би сакал да можам да верувам на ветувањето на заменикот на министерот бидејќи од оваа иста говорница добивме ветување дека министерот тогашен за сообраќај, поминаа три години од тоа ветување ништо, би сакал да верувам дека се прави се што се може, но верувајте ми према тоа што го гледаме и што го чувствуваме, не се прави скоро ништо и факт е дека после три години, после тоа ветување ќе се возиме сеуште по пат положен со коцки и по тој пат патуваат и многу многу други возила, не само ние се разбира, за жал иако пред три години го добив ова ветување од министер, а не од заменик министер.

Второ, се извинувам со господинот министер Насер Зибери не би сакал да полимизирам, но во информацијата во врска со активностите

на Владата кои се очекувале за динамизирање на стопанството што е поднесено од Министерството за стопанство, јас би очекувал од тоа министерство да добијам поконкретен одговор, а додека делот на бројките кој што не се согласуваат, значи дека не се согласува државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали имате дополнително прашање.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Сакам да ми се одговори на патниот правец кога и како ќе се прави ако се има динамика, ако не би сакал да ми се каже не знаеме и немаме динамика и да бидеме начисто и ние и нашите граѓани дека нема да го имаме тој патен правец. А второ за динамиката за унапредувањето на динамиката нормално сакам многу точен и прецизен одговор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

За вториот дел од прашањето јас во име на Владата реков ќе дадеме дополнителен одговор на прашањето во писмена форма.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас имав поставено повеќе прашања меѓутоа, добив одговор само на едно прашање, станувавше збор кога ќе биде изгради патот Битола Кременица - Бач, Добровени - Скочивец, тоа е пат што ги поврзува нашите села со Центарот на оваа општина од нашава држава. Министерството за сообраќај и врски ми одговори дека овој пат е изграден. Јас нема да коментирам ништо друго, ги поканувам првите луѓе на ова Министерство да дојдат да видат дека овој пат не е изграден.

II/.-8.-

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и претставници на Владата. еден куризуитет за три години десетици прашања сум поставил, а сум добил само еден одговор и тоа од Министерството за развој, што го водеше г-динот Абдулменав Беџети, извонреден одговор токму тоа што сум го прашал ми одговорил за другите немам ништо и засега не би поставил прашања туку само предлог прашања до три четири министерства предлог прашањата би биле вакви:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали од одговорите сте задоволен.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Бидејќи не сум добил одговор на ниедно прашање дали се работи за неразвиени региони и нагласувам со големи букви не развиени региони како што е случај со ридско планинските и погранични села на општината Чочер - Сандово, вклучувајќи го тука и село Блаце, Танушевци, Малино и самата општино село Сандево - Чоер што се водат како погранични. Мојот предлог прашање би било дали е можно, а треба да се овозможи Министерството за развој, Министерството за земјоделство, Министерството за сообраќај и врски, Министерството аз стопанство и најважното Министерство Министерството аз финансии да определат по еден стручњак од нивните министерства за да се составени еден тим или комисија која би излегла на терен за да испита и да утврди што може да се направи за да се спречи миграцијата селата - градот Скопје. Еднаш сум нагласил дека емигрираат луѓето од тие села и стануваат проблем за министерот за труд и социјална политика. Така оваа комисија во соработка со Агенцијата за развој би предлагала што да се преземе за развојот на земјоделството, сточарството, обработката или преработката на дрво, компирот и млечните производи. Тоа би

важело за целата општина и навистина бидејќи се наоѓа во непосредна близина во Скопје, Скопска црна Гора ништо не е инвестирано во тој дел, нема ни патишта, ни амбуланти и верувам дека оваа комисија како најнадлежна би можела нешто да направи да се спречи миграцијата села - град-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена форма.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе. Јас пролетоска поставив едно прашање за работниците трудови инвалиди кои излегоа од претпријатијата под формулата на Законот за загубари и стечајни претпријатија. Владата дел на ова прашање ми одговори, со самите измени во Законот за пензиско осигурување. Во членот 60 се опфатени само работниците трудови инвалиди, оние кои што се излезени од фирмите стечајни или ликвидираните фирми. Меѓутоа и понатаму останува проблемот со трудовите инвалиди во фирмите опфатени со Законот за загубарите. Тоа се оние 23 загубари. На овие работници трудови инвалиди, излегуваат 23-те фабрики, нивниот статус останува нерешен,остануваат во Заводот за вработување како невработени. Јас се прашувам дали понатаму, и покрај тоа што нивната фирма егзистира, дали друга фирма ќе ги прифати овие невработени или тие ќе си останат вечно така невработени со никакви надоместоци. Јас го прашувам Министерството, конкретно Владата дали има размислувања и можности да го реши статусот на работниците технолошки вишок, трудови инвалиди кои го изгубија работниот статус под формата технолошки вишок со Законот за загубари. Тоа е случајот за оние работници кои излегоа од 23-те фирми со Законот за загубари.

И уште едно потпрашање во контекст на ова прашање ќе го прашам Министерството колкав е бројот на работници трудови инвалиди кои излегоа како технолошки вишок од 23-те фабрики кои беа опфатени со Законот за загубарите.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По однос на првото прашање, точно е тоа така со измените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување се опфатени трудови инвалиди на кои правниот субјект каде што биле вработени престанал да функционира.

Другата категорија на трудови инвалиди кои произлегуваат од фирми кои понатака или се во стечајна постапка или функционираат во законот не можат да прифатат и таков вентилне смееме да отвориме зошто во тој случај сите претпријатија трудовите инвалиди ќе ги отпуштат и тие автоматски ќе се пренесуваат во Фондот за пензиско инвалидско осигурување што сметаме дека не може тоа да се издржи.

Што се однесува до вториот дел околу точниот број, писмено ќе Ви одговориме во моментов немам таков точен податок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате? (Да)

Пратеникот Даневски има дополнително прашање.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, г-да министри,

На една од претходните седници поставив пратеничко прашање до Министерството за труд и социјална политика. Имено, се работеше за исплата на еднократната парична помош во Свети Николе.

Министерството даде делумен одговор, јас не сум задоволен и затоа барам дополнително објаснување од Министерството за труд и социјална политика. Овие бројки се само нагласени, а реакцијата на граѓаните дека стои и уште и ден денеска има злоупотреба на самиот терен, затоа што еднопарична помош добиваат оние луѓе кои не ги исполнуваат критериумите. Имаше некои петиции, сигурно има и до Министерството и министерот е запознат со такви списоци, па, јас барам за наредната седница да се одговори во писмена форма дали постои или не постои злоупотреба во подрачната единица за труд и социјална политика, затоа што во 1996 година, се пристигнати огромни средства што не се знае каде се отидени, а направени се злоупотреби.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор на прашањето ќе добиете во писмена форма.

Одиме на поставување нови пратенички прашања.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, имам неколку прашања:

Прво, до министерот за стопанство зошто нема пазарна инспекција на терминалот во Штип?

До министерот за здравство имам три прашања:

III/2.-

1. Зошто Заводот за здравствена заштита во Штип не врши анализа на репроматеријалите и производите на терминалот во Штип.

2. Зошто придонесите за здравство за заостанатите плати не се вршеше по Законот за заостанати плати односно да се користи дисконтот, туку Фондот за здравство го наплаќаше комплет целиот придонес?

3. Зошто коефициентот за претпријатијата за директорот, Фондот за здравство го рачуна за виша Школа? Не е директорот онаа стручна спрема што ја има.

Ако може усмено ако не во писмена форма.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи тука не гледам претставник од Министерството за стопанство, ќе добиете одговор во писмена форма.

За втората група на прашања има збор г-дин Илиевски министер за здравство.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ**

Овие три прашања се малку покомплексни и јас би одговорил писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот прифаќа оваков начин на одговарање.

Има збор г-динот Абди Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Би сакал да поставам неколку прашања:

1. Каква е платно билансната позиција на Република Македонија?

2. Каков е електро-енергетскиот биланс на Република Македонија, бидејќи заедно со досегашните летни потреби на стопанството и народот итн., веќе доаѓа есен, па зима па пролет и дали ќе имаме рестрикции на електричната енергија, како граѓани, како стопанство итн.

3. До министерот за земјоделие, дали ова со што располагаме како земјоделско земјиште во Република Македонија и другите природни ресурси можат, се разбира со ангажирање од повеќе потребни аспекти, да произведат толку храна од сите врсти за да се прехранат овие 2 милиони наши граѓани во Република Македонија?

III/3.-

Што и колку може да произведеме? Што и колку ќе ни остане како вишок? Што и колку ќе мора да увеземе?

4. Дали според Законот за локална самоуправа се изврши делбениот биланс помеѓу државата и старите општини, помеѓу старите општини и новите што ги создадовме? Затоа што, да ви кажам во општина Шуто Оризари градоначалникот и Советот донесоа одлука и ја врачија во КУД "Пралипе" на претседателот, на партијата и што јас знам таму "Шутка фолк фест" да е иселат од една просторија со која што располагаат од 1964 година, што се направи од средствата за обнова и изградба на градот Скопје, наводно во договор со министерот за урбанизам дека тоа ќе биде една канцеларија на подрачната единица на Министерството и во договор со Министерството за труд и социјална политика дека ќе биде подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика.

Не е лошо на овие две прашање да се добие веднаш одговор, затоа што овие им дадоа рок за преселба.

5. До Министерството за внатрешни работи да дадам едно укажување, ние донесовме закон за трговија. По пазариштата, по улиците се продаваат разни стоки, се мисли на текстилни, па полицијата доаѓа и одзема, па ги носи во полициска станица па по малку пеглање итн. Бидејќи министерот не е тука е г-динот Гаетанов е тука, јас само укажувам дека тоа не е право на полицијата, тоа е право на инспекцијата да дојде да одземе ствари, да ги легитимира и даде на суд, а не и на полицијата. Полицијата може само по барање на инспекцијата заради асистенција. Луѓето доаѓаат, се жалат па ние интервенираме, нема смисла тоа, стварно, стварно.

6. Уште едно интересно прашање, дали некој од Министерството за правда по телефон има кажано на раководството на болницата Бардовци дека тоа и тоа лице, одредено лице треба да биде ослободено од работа четири години и да му мирува работното место заради тоа што има изборна функција во општината Шуто Оризари? Тој е таму дали началник, дали некој шеф, дали незнам што, има осно одделение и 2-3 месеци болничарски курс и ќе ја развива општината. Па затоа го молам Министерството за здравство, министерот за здравство нека ја провери оваа работа и да се добие што поитен одговор. Така им е кажано на соработниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Рековте на Министерството за правда или Министерството за здравство?

**ФАИК АБДИ:**

Да се види дали Министерството за правда телефонирало таму, кажало, односно министерот за здравство да провери во болницата Бардовци дали е тоа така или е нешто друго во прашање. Што се случува? Не може да ја развива општината некој си со осмо одделение и со болнички курс од два месеци, три месеци. Не сме ја направиле општината за тоа. Прв братучед на градоначалникот таму, тој е.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате да се даде одговор во усмена форма?

**ФАИК АБДИ:**

На овие први две прашања...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

За првите две прашања, за делбениот биланс и по второто прашање тука е министерот за правда веројатно ќе каже.

Што се однесува до информацијата дека во општина Шуто Оризари ќе се отвори подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика тоа не е точно.

Тоа прашање е регулирано со Законот за органите на управата и со Законот за локална самоуправа. Тргнувајќи од тоа, Министерството не предвидува отворање на таква подрачна единица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Во врска со прашањето за делбениот биланс тоа е веќе дадено во писмена форма на едно слично такво прашање поставено од пратеникот Хисен Рамадани. Се надевам дека го имате прочитано.

Во него се вели дека Министерството за правда врз основа на соодветните членови од Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од која произлегуваат, подготви предлог решенија за именување на членови на комисиите за делбен биланс кои Владата на Република Македонија ги донесе.

Комисиите работат за делбениот биланс помеѓу Републиката и меѓу старите општини, и меѓу старите општини и новите општини. Најголем дел од работата е веќе завршен. Го завршивме делбениот биланс помеѓу Републиката и старите општини. Сега се работи интензивно на делбениот биланс помеѓу старите општини и новите општини, со тоа што знаете дека има донесено и Упатство за начинот на кој се изготвува делбениот биланс, има тука доста проблеми што се решаваат тековно. Меѓутоа, во принцип Владата усвои дека, за да се обезбедат основни услови за работа на новите општини, секаде каде постојат имоти на државата, а истовремено можат да бидат ставени во функција на работа на новите општини, дека може тоа со одлука на Владата да бидат доделени на новите општини. Досега имавме неколку такви случаи. Тоа Владата го прави на секоја седница врз основа на анализите што ги имаме во новите општини и ги подготвуваме практично сите услови да можат новите општини да ги преземат комплетно сопствените функции. Тоа е во согласност со Упатството. Тоа е во врска со тоа.

Инаку, што се однесува до прашањето дали некој се јавил некаде инт., Ве молам, немам информација, ниту би можел да го дадам одговорот ниту во писмена ниту во усмена форма. Ако имате конкретни податоци за што станува збор, тогаш, врз основа на конкретните податоци би можело да се добие таков одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Министерството за внатрешни работи, во рамките на своите законски овластувања врши одредени надлежности во однос на зелените пазари и улиците од аспект како што спомна почитуваниот

пратеник, обавување на недозволена трговија. Меѓутоа, треба да се нагласи и тоа дека главно Министерството за внатрешни работи, вршејќи ги овие задачи се јавува во својство на давател на асистенција на пазарната инспекција. Инаку, во сите случаи каде што има интервенирано Министерството за внатрешни работи, иако беше спомнато дека има малтретирања и други работи, од страна на г- динот Абди, немаме сознанија дека имаме случаи на пречекорување на овластувањата на службените лица. Доколку пратеникот има информација и може да каже имало такви случаи, тие случаи ќе ги испитаме и евентуално би дале одговор во писмена форма.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томе Тромбев министер за урбанизам, и заштита на животната средина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Спроведувањето на урбанистичкиот план на територијата на општина Шуто Оризари е во надлежност на подрачната единица Чаир. Така што немаме потреба за отворање подрачна единица во Шуто Оризари.

Меѓутоа, ние, до сите новоосновани општини испративме циркулар во кој што побаравме секоја општина да ни посочи просторија каде што еден од вработените на подрачната единица Чаир би работел за потребите на граѓаните, меѓутоа, еднаш неделно како не би се отежнувало да одат тие во подрачна единица Чаир, како би можеле тука да ги поднесат документите а, во идниот период да ги добијат назад.

Истото се однесува и за сите други локални самоуправи, новоосновани, бидејќи имаме проблем со селата, како не би доаѓале сите на одредено место, ние одиме назад.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазарев.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Јас имам три прашања.

Првото прашање до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, прашањето се однесува за следното,

III/7.-

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ, има донесено Одлука објавена во "Службен весник на РМ" од 13 февруари со која што се утврдуваат цените на услугите за користење и одржување на објектите, инсталациите и платото во рамките на границата, на опфат на граничните премини на РМ, со кои стопанисува ЈП. Во неа стои дека за одржување на хигиената од фреквенција на патници за физички лица патници 30 денари, за лесни моторни возила 30 денари, за странски моторни возила 2 марки итн., има други позиции а јас прашувам само за овие.

Прашањето е следно, какви се ефектите од оваа одлука, гледајќи од два аспекти:

Прво, какви се финансиските ефекти, меѓутоа поважен е другиот, какви се е ефектите по угледот на државата што има амбиции да стане членка на Европската Унија.

Конкретно да образложам граѓанин тргнува од Франција да оди во Грција, поминува 5-6 граници и само пред да дојде на нашата граница му се наплаќа прво дезинфекција, потоа му се гледа пасошот, тој може воопшто да не излезе од возилото, му се вели за хигиена на овие четири патници во колата треба да платиш толку. Тие може да не излезат од колата, меѓутоа мора да платат.

Потпрашање, дали Македонија како држава нема сили и можности да ја одржува хигиената на граничните премини, со оглед на тоа дека не се тие по број кој знае колку големи. Мислам голем број.

Уште едно потпрашање, дали со одлука на едно претпријатие а не со закон може да се воведе обврска на граѓаните на било каква такса?

Второ прашање за истиот министер и веројатно министерот за сообраќај, при влезот на нашите камиони во СР Југославија, по разни основи, имаме точно колку, меѓутоа вкупно се плаќа околу 300 марки. За да влезе камион во СРЈ има давачки околу 300 марки и плус патарините понатаму. Дознавме дека патарината е смалена за 40%, меѓутоа оваа давачка е доста висока и нашите превозници трпат штета и извозници. Дали Владата презема нешто во смисла на преговори во СРЈ овие давачки да се намалат?

Трето прашање до министерот за стопанство кој не е тука, тука е неговиот заменик, според Договорот за бесцаринска трговска соработка

со Република Хрватска можеме без царински увоз на нафтени деривати. Поради овој договор трпи голема штета нашата Рафинерија, а со тоа и нашето стопанство и дали Министерството и Владата заедно преземаат нешто да се исправи оваа грешка од овој договор?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Бидејќи се бараат конкретни податоци, одговорите ќе ги дадеме во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другото прашање има збор г-дин Петрушевски, заменик министер за стопанство.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Вие знаете дека Спогодбата за слободна трговија со Република Хрватска е ратификувана и помината низ Собранието. Таа е во важност. Точно е тоа дека во неа не е регулирано прашањето на ограничување на увоз на нафта и деривати и тоа е како проблем присутно во Министерството и во Владата формирана е работна група, дел од Мешовитиот комитет. Веќе имаме договорено термини за расчистување на ова прашање со хрватската страна. Многу брзо ќе имаме одговор по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Што се однесува до патните правци односно влезот во СРЈ, точно е дека нашите транспортни превозници се оптоварени со доста давачки, особено што се однесува за екологијата, таксите, терминалните такси и други. Но, мислам дека не се 300 марки за влез. А, што се однесува до патарината односно автопатската такса, можам да ви соопштам дека при последните разговори, а тоа е во повеќе наврати сугерирано на Владата на СРЈ, дека нивните такси се многу големи и абнормално големи, дури и највисоки во Европа. Известени сме дека од 19 септември автопатската такса е смалена за 40%. Така што имаме едно позитивно движење во тој

III/9.-

правец. Се надевам дека и одредени такси што се при влез ќе успееме да се намалат. Но, морам да кажам дека и нашите такси се доста големи во одреден дел и при секој разговор тоа се наведува од нивна страна.

IV/1.- НН/ЉР

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на РМ, почитувани пратеници,

Јас денеска има да поставам само три прашања, а за жал првото што ќе го поставам ќе го повторам по трет пат, затоа што во октомври 1996 година го поставив тоа прашање и тоа во почетокот, па бев принуден истото прашање да го повторам во почетокот на 1997 година и за 12 дена по трет пат истото прашање го поставувам пред Ресорното Министерство и Владата на РМ. Тоа се однесува на случајот Параќин.

Војникот АбдулцеминлАлимани од с. Боговине општина Боговине осуден на 20 години затвор, потоа помилуван на 14 години. Истиот човек и до ден денеска лежи во Нишкиот затвор. На поставените прашања досега немам одговор. Што мислата надлежните министерства за конкретниот случај и дали Абдулџемин Алимани од с. Боговине општина Ботовина е граѓанин на РМ, дали 1987 година е регрутиран од Министерството за одбрана на РМ и што ресорното Министерство досега има направено.

свесни дека параќинскиот случај изведен во Касарната "Радое Крсмановик" есента 1987 година беше еден од многуте политички монтирани процеси,овој за жал монструозен процес што се изведе така како што се изведе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дали Владата на РМ, вклучувајќи ги Министерството за надворешни работи, Министерството за правда и Министерството за одбран има намера да побара нејзиниот граѓанин Абдулџемин Алимани да се врати во својата куќа?

IV/2.-

Дали Владата на РМ има потреба да побара од надлежните органи на СРЈ истиот да се врати дома и да не тлее по затворите на Србија? - тоа е првото прашање.

Второто прашање, за кое исто така пред да го поставам на говорица побарав Лазар Китановски да бидам примен. Дали од Министерството за одбрана има тука член - не знам, но го поставувам следното

Војникот Нашит Нуман Ферати е на отслужување на војниот рок во Касрантата"Иинтен"ВП 3560/16 - Скопје. Роден на 12.03. 1977 година, во с .Ломница - Неготино Полошка. Споменатиот војник Нашит Ферати бил со дозвола за излез во град на 30 август 1997 година. Дозволата му важела се до 21,30 часот. Непознати напаѓачи му нанеле телесна повреда - фрактура на долната вилица. Фрактурата и оваа дија- гноза е потпишана од претседателот на Комисијата полк. д-р Милан Наовски и членовите на Комисијата д-р Јане Гушев, м-р спец. по бело дробни болести и д-р Крсте Блажевски, специјалист по општа медицина.

Овој немил настан се случи во 19,45 часот кога сакал да се врати во Касарната непосредно до Градскиот стадион на Фудбалскиот клуб "Вардар".

На овој немил настан што непознати напаѓачи го имаат споменатиот војник нападнато, тој останал да лежи понатаму долго време и така е пренесен во клиничкиот центар на Државната болница при Максиофацијална клиника, каде што му е пружена помош.

Напомнувам, на истиот му се одземени 50 ДМ и 700 денари што ги имал во џебот. Пуштен на домашно лекување на 12.09. 1997 година се до 26.09.1997 година. Дозволата за патување е потпишана од поручник Стоилов Синиша под број на војната книшка 003442.

IV/3.-

Поставувам прашање до Министерството за одбрана.

Дали случајот им е познат и дали напаѓачите се фатени за сторено кривично дело.

Барам усмен договор. Сите ги барам усмено, затоа што писмено еве година дена немам добиено.

Третото прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи.

Закон за матична евиденција е донесен на 9 февруари 1995 година. Во член 9 став 2 предвидува личното име се запишува во матичните книги на Македонски јазик и неговото кирилично писмо, а имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмотона националностите".

Во глава VII предони и завршни одредби, во член 34 Министерството за внатрешни работи во рок од 3 месеци од влегувањето на сила на овој закон ќе донесе подзаконски пропис покрај другото и за обрасците на матичните книги кои до денес, и по две години се водат на постариот Закон, заправо на кирилично писмо.

Истиот ден, 9 февруари 1995 година е донесен и закон за личната карта, кој во член 5 став 2 предвидува "а имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите". И овој Закон е донесе и е во сила и истиот до ден денес од Ресорното Минстиерството не се применува. Поставувам прашање.

Кога Ресорното Минстиерство ке почне да го почитува законот иако е и закон за прогонување. Значи имате право секого да гоните а вие кога Законот не го применувате се поставува прашње од кого вие треба да бидете гонети.

Нова лична карта, сега издадена

(ја покажува личната карта)

пак се тера по старо. Сакам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Спасов, минситер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Мене случајот на г-динот Абдулџемал Алимани не ми е позна меѓутоа со големо разбирање, ја разбирам загриженоста на пратеникот, а истовремено секако и на семејството на нашиот граѓанин кој што се наоѓа на издржување на казната затвор во СРЈ. Она што јас можам да го дадам како објаснување тоа е дека ние со СРЈ уште немаме потпишано спогодба за меѓународна правна помош, токму деновиве добив покана да седнеме и да разговараме за разјаснување на проблемите кои што постојат на тој план меѓу нашите две земји. Нашиот текст на трите спогодби е испратен на Министерството за правда на СРЈ и ние очекувам дека мошне брзо ќе бидат потпишани тие спогодби, но дури и независно од потпишаните спогодби сметам дека има основи, независно од кривичното дело РМ да побара официјално нашиот граѓанин да продолжи со издржувањето на казна затвор во РМ. Сметам дека тоа Министерство за правда може да го оствари во најкус можен рок, лично ќе се заинтересира и на една од наредните седници ќе би дадам дополнителен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи претставник на Министерството за одбрана нема, ќе добиете одговор во писмена форма а за третото прашање ќе одговори г-динот Гајтановски заменик министер за внатрешни работи.

IV/5.-

**И. ГАЈТАНОВСКИ:**

На ова пратеничко прашање ќе одговорам сосема конкретно. Овие два Закони ќе се спроведуваат од оној момент кога ќе се создадат материјални, технички и други услови за нивно спроведување.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Прво, на министерот за правда за одговорот што го даде овде на говорница му пожелувам успех во таа потрага по 10 години и можеби ќе имаме успех тој да ја издржува казната во нашите затвори доколку тоа истото се установи.

За г-динот заменик на секретарот на Министерството за внатрешни работи не може да се оправдува. По две години не може да се комплетира техничките средства. Тоа не е можно. Можете само и понатаму да глумите. Меѓутоа наместо да бидете вие оние кои што ќе го спроведат законот на ниво на задачи и закон, вие барате некој други работи тие работи да ги направат. Мене, за жал на оваа говорница и денес застапувам да бранам Закон кој припаѓа на тој дел на овие два закони, кои се однесуваат за писмото и јазикот на националностите Мене многу ми е понизно да побарам она што е со закон утврдено. Јас сум, незадоволен од одговорот на заменикот на министерот за внатрешни работи и барам одговор по писмен пат:

**ТИОТ ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас има повеќе прашања скоро сите се однесуваат за министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство

IV/6.-

Прво, Владата на РМ донесе одлука со која се утврди откупната цена на јагнињата да изнесува 70 денари. Извозниот што ќе ја плати оваа цена има право на стимулација и тоа, како што велат овчарите добра стимулација, како да и се врака на овчарите.

Имам сознанија дека оваа откупна цена не се почитуваше. Малите јагниња се откупуваат по цена од 50 до 60 денари. Прашувам. дали извозниците ќе добијат извоз на стимулација во почетокот мисла да беше по 20 денари по кгр. а сега се зборува дека е 40 денари ќе ја добијат таа стимулација ако на нашиве сточари не му платиле по 70 денари за јагнињата купени од самото трло.

Второ прашање. Есенската сеидба на житните култури почна Дали Владата на РМ планира да ја коригира цената на пченицата, која 4 години едно по друго стои на исто место и никако да рипне малку нагор Со сегашнава цена што е пропишана изнесува 10 денари, а во праксата се плака по 8 и 9 денари. Меѓу земјоделците се смалува интересот за производство на оваа култура. Посебно сега по девалвацијата на денарот интересот за пченицата станува од ден на ден се помалку, затоа што цената на сите репроматеријали драстично е зголемена. Станува збор за ѓубриво, резервни делови и за мазиво.

Прашувам, дали Владата размислува да ја коригира оваа цена и дали грешките што се направени, не по вина на Владата, туку по барање на Светската банка кога се укинати премиите за пченица сончоглед, шеќерна репка и ориз постои надеж да се вратат тие премии назад.

Трето прашање подолго време на релацијата минифармени и млекарници се водат жолчни расправи околу утврдувањето на квалитетот на кравјото млеко. Фармерите тврдат дека млекарниците прават разни манипулации со утврдувањето на квалитетот на

IV/7.-

млекото. Велат дека им кусат на маслените единици, што се услов за добивање на соодветна цена на самото млеко. Се сомневаат во пробите што ги прават млекарниците во своите лаборатории. Велат дека им ги кусат сите проценти. Млекарниците на овие забелешки имаат свои забелешки и велат дека на овој план работат домаќински.

V/1 јм/вс

**ВЕЉО ТАНТАРОВ** (продолжение)

Прашувам, дали наскоро во нашава држава утврдувањето на квалитетот на млекото ќе се утврдува во единствена лабораторија во Државата.? Примерите од Данска, Холандија или Англија на овој план да се најдат и во нашиве средини. Се со една цел да постои доверба меѓу млекарите и млекарниците. Дали во Министерството за земјоделство се планира да се формира наскоро таква институција. Летово на подрачјето на општината Бач, полските глувци направија вистински пустош. Старите земјоделци велат дека во последниве сто години немало таква наезда на глувци. Какви мерки ќе превеземе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да не се повтори оваа катастрофа во нареднава производна година. Толку за селскиот министер.

Деновиве во Скопје во столицата на Македонија стигна гасот од Русија. Колку пари државата потроши не ме интересира ниту мене, ниту ги интересира моите битолчани. За тоа сигурно ќе зборуваме во некоја друга прилика. Прашање за сега е, дали Владата на Република Македонија размислува пареата од трите битолски електрани да ги искористи за загревање на домовите на битолчани, прилепчани, ресенчани и демирхисарци, или цела Пелагонија. Се прави ли проект за искористување на ова благо и се прават ли проекти за искористување на водената пареа за изградба на топли оранжерии околу овој гигант на нашето електростопанство?

Кога сме кај битолските телрмоелектрани ќе поставам уште едно прашање. Кога селата од бившата битолска општина станува збор за селата, односно за општините Новаци, Добрушево, Бач, Старавина и Бистрица ќе добирај квалитетна електрична енергија. Срамота е господо средината што ја дава струјата да нема светлина. Ова навистина е кажано сто пати, меѓутоа изгледа никој не ме слуша.

За господата од Министерството за сообраќај имам едно прашање, што станува со изградбата на патот Рапеш - Старавина и Добровини - Скочивир. Овие патишта почнаа пред две години и завршија. Дали

V/2

асфалтот што  требаше да се употреби на ова подрачје е употребен тука во столицата, бидејќи е поблиску.

За проблемот на ТАТ што Битола ја стега подолго време односно не мачи скоро осум месеци. Ние деновиве донесовме закон за привремена исплата на штедните влогови. Со него ќе се оладат некои штедачи со врела вода, а другите ќе чекаат државата да му го купи овој имот.

Прашувам дали Владата на Република Македонија подготвува нов закон за обесштетување на граѓаните што штедеа во штедилницата ТАТ, Алфа, Лавци и другите штедилници кои што им ги заробија парите на штедачите. Односно дапи Владата ќе ја прифати таа хипотека што треба да се прифати.

(пратеникот извади клопотарец и почна да ѕвони)
Простете претседателе, селаните нешто прашуваат.

Господо јас овој ѕвонец ќе го чукам овде додека сме и додека Вие не престанете со Вашите мобилни телефони. Оваа сапа е сапа за донесување на закони, не е сапа бизнис -сапа, не е саем, не е Скопско пазариште, а ако сака некој да биде за овци можеме да му го ставиме клопотарецот па нека биде овца. Господине претседателе се извинувам, меѓутоа ова е македонски мобилен телефон. Овој е произведен во Битола кај господинот Иван Илиевски.

Армадуш е мало село скриено зад големите ридишта на Селенска планина. Ова село до сега бившата битолска општина, сега веќе Државата го знаеше како село што служи за собирање на даноци бидејќи располага со доста голем имот и од овци и крупен добиток, а не знаеше дека ова село треба да биде ставено во ридско-планинско подрачје како што се ставени селата Црничани, Путурус, Мервенци и другите околни села.

Прашувам дали Владата наскоро подготвува измена на оваа одлука и Армадуш да го добие третманот на ридско-планинско село со кое што 11 мапи дечиња што денес патуваат по десет километри по безпаре да се школуваат во Дедеборци ќе бидат ослободени од оваа невидена мака.

V/3

Имам уште две прашања, бившиот министер за здравство д-р Филипче, г-динот Петар сакам да слуша, да не го мавам ѕвонецот, бившиот министер за здравство д-р Филипче најави дека наскоро сите селски амбуланти ќе бидат модернизирани и со тоа и селаните ќе имаат можност со модерна медицинска техника да се лекуваат. Тоа е добро и дај боже овој благодет што побрзо да стигне низ нашиве села. Меѓутоа на моето прашање кога во овие амбуланти ќе се отворат мапи аптеки преку кои болните селани брзо ќе стигнат до лекот, односно да не одат по лек во градот, досега не добив одговор. По ова прашање денес сум задолжен од 20-тина селски амбуланти од битолско повторно да го повторам и се надевам дека новиот министер г-динот д-р. Петар Илиевски ќе даде конкретен одговор.

Како што е познато во нашава Држава има над 250 селски здравствени амбуланти. Во нив нема аптеки. Ретки се селата што имаат среќа лекот да го добијат во својата амбуланта. Грото од болните селани сега за сега со лекови се снабдуваат само од градовите. Некои патуваат по триесет до четириесет километри додека да стигнат до лекот што го препорачал и напишал самиот лекар. Мислам дека жалосно е на прагот од 21-от век да ги имаме овие состојби со здравствената заштита на селаните во нашава Држава. Се надевам дека министерот за здравство ќе и стави крај на оваа селска мака и нема да дозволи болните селани за лекови да доаѓаат во градовите. Ако остане вака селаните ќе немаат голем аир од своите амбуланти во кои барем во пелагониските здравствени амбуланти работат прекрасни стручњаци во бели мантили.

Кон ова прашање би додал уште еден здравствен проблем на селаните. Имено во селските амбуланти по завршувањето на работното време потребите за инекции пак се остваруваат во градот. Може ли да се воведе дежурство за инекции. Нека се одреди едно возило со лекар и медицинска сестра што во одредено време ќе ги посетуваат сите амбуланти попладне и ќе им пружаат помош на болните селани за да тие не доаѓаат повторно во градот.

Имам едно прашање за г-динот од ВМРО, станав досаден, многу прашања, но немаме поставено прашања скоро половина година.

Зошто македонската полиција, станува збор за сообраќајната полиција со криенка ги врши своите задачи?

**КИРО ДОКУЗОВСКИ**

Првото прашање беше извоз за јагнешко месо и цената и висината на стимулацијата. Прво, годинава заради појавата на лигавка и шап јагнешкото месо не можеше да добие виза од Европската унија. Понатаму се бараа алтернативни пазари кои за жал се малку, на Европскиот пазар не може, единствено во Арапскиот свет поточно во Јордан. Да спомена дека во минатите години во Македонија со извоз на јагнешко месо се бавеа дури 19 извозници. Годинава едвај се јавија тројца од кои еднiот извезе еден до два авиона, другиот исто толку. Се сведе целата работа да извезува една фирма само сето останато месо и се извезоа околу 760 тони јагнешко месо воглавно во Јордан. Заради стимулирање на овој извоз кој што не можеше да биде ни остварен Владата се определила да стимулира по 70 денари ако се откупи јагнешкото месо во живо да даде стимулација од 20 денари по живо. И тоа беше условот познат за сите кои што сакаа да извезуваат, меѓутоа за жал немаше интерес. Извезеното месо се заврши како се заврши со напомена дека одлуката имаше дефект во тоа што беше базирана на база живо, а знаете извоз се вршеше во месо и од таму беше неспроведлива. Со примена на коефициент од 45% рајлевман се определи сумата од 20 на 40 денари. Според тоа никакво зголемување на стимулациите, никакви други поголеми обврски што беа утврдени. Станува збор само за математика.

Кога зборувам за ова прашање сакам да го замолам пратеникот и тие што го мотивирале да го постави ова прашање дека јагнешкото месо може да го извезуваат и тие што го покренуваат тоа прашање. Ги поканувам и за идната година сите кои што мислат дека е извозот убава работа да го извезуваат сами јагнешкото месо. Особено зборувам за големите фарми. Тие што извезоа да информирам дека заради билансни тешкотии на буџетот се уште над 35% од парите не ги имаат добиено. Со ова сакам да одговорам дека не станува збор за никакви додатни стимулации, не станува збор за поголема стимулација, станува збор само за извршена обврска со загуби кои  што да посакаме да не бидат во

1998 година, на тоа работиме да ја симнеме забраната за лигавка и шап и да може да се остварува, пак со напомена дека годинава ги снема сите тие успешни трговци со јагнешко месо, туку се сведе само на еден кој што беше традиционален и заради својата прошлост во сточарството се нафати да ја врши оваа работа.

Второто прашање не е за селскиот министер, меѓутоа сум заинтересиран како ресор, за цената на пченицата надлежно е министерствово за стопанство, тоа ја предлага, меѓутоа со оглед на тоа дека нема да замери колегата, ќе го кажам следново. Цената на пченицата ќе биде утврдена не до 1 октомври заради тоа што треба да направиме согледувања и заради тоа што останаа уште некои делови од обврзување на САЛ кредитот дека треба цената на пченицата да ја сведеме на ниво од 30% од светската цена на пченица. Што е тоа 30% ќе ни покажат билансите и од тие причини не треба да се залагаме да брзаме, да бараме утврдување на заштитна цена. Требаа да се залагаме да бараме мелничката индустрија да се ангажира, да договара уште сега за да имаме сигурен пласман и за познат купувач, а тоа е државата на која секако и годинава за 1998 година ќе и треба жито кое што го добиваме повеќе од увоз. Премии нема шанса да предложиме затоа што тоа се коси со сите норми на макроекономска политика утврдена и со други прашања врзани со политиката.

Третото прашање исто така се однесува за стопанство, меѓутоа како заинтересиран министер не можам да кажам дека не ме интересира. Прашањето на откупот на млекото и неговиот квалитет е навистина отворено меѓутоа не е така како што се поставува. Ако ние зборуваме сите дека ќе одиме со квалитет во Европа, ќе извезуваме итн., не може со додавање на вода и други материи во млекото да оствaруваме приходи. Се менува концептот на откупот на млеко по маслена единица. Светот работи со протеини и ние ќе работиме со протеини. Ова го зборувам за да укажам дека нашите фармери треба да сфатат дека мора да ја пратиме и технологијата што ја бара индустријата и постапките технолошки што таа ги поставува. Во минатите години ние се правдавме дека имаме монополска положба на млекарите па од таму вака постапуваме. Сега да кажам дека во Македонија за разлика пред 1990 година кога имавме само 12 млекари сега има 36 нови млекари. Според

тоа има доволна конкуренција и ако некој прави опструкции другиот до него е тука да го купи млекото. Единствено што треба да се прифати за критика и задача што ја имаме ние односно стопанство е тоа дека треба да се донесе правилник за контрола на квалитетот на млекото и неговите преработки. За тоа сум информиран дека се работи во министерството за стопанство. Можеме да заклучиме односно да побараме таа работа побрзо да се донесе затоа што преку неа треба да се регулира прашањето.

Министерството за земјоделство и шумарство не може и не прифаќа кај него да стави луѓе кои што ќе вршат мерење на млекото. Тоа со законот кога ќе дојде на дневен ред на наредна седница на Парламентот во сточарство ќе овластиме институција која што ќе го врши мерењето или контролата на мерењето на квалитетот на млекото, но реков прво треба да се има правилникот за млекото и ништо повеќе.

Четврто прашање полските глувци имаше и скакулци, годинава имаше појави на штетници. При таа појава се реагираше брзо од стручњаци од факултетот за заштита на растенијата. Се утврди дека тој вапамитет таа брза мислам масовна појава на глувците ќе заврши за кратко. Праксата покажува дека каламитети не се јавуваат на секоја година, или наредна година, туку на подолг период. Оценија стручњаците во извештајот што го имаат доставено дека оваа појава на глувци во наредната година нема да биде, меѓутоа може да биде на друго место.

**ПЕТАР ИЛИЕВ**

Јас ќе одговорам на прашањето на Вељо Тантаров, но не се служам со неговата терминологија дека постојат селски амбуланти. Тоа ќе бидат амбуланти во примарна здравствена заштита во ново формираните општини или постојните амбуланти кои што се сега опремени ќе бидат доопремени, мислам дека опремувањето ќе биде по една иста спецификација независно од тоа дали се наоѓа во општината Старавина, Новаци или било каде. Точна е онаа бројка од 250. Мислам дека со воведувањето на примарна здравствена заштита односно со реформите во здравството ќе се опремат 280 амбуланти.

V/7

Токму целта е на тие реформи што сакаме да ги спроведеме да се зајакне примарната здравствена заштита. Примарната здравствена заштита зајакнувајќи ја на овој начин ќе добие многу. Мислам дека сите тие амбуланти ќе бидат подеднакво под иста спецификација опремени што значи ако една амбуланта има отоскоп и другата ќе има отоскоп. Истото се однесува и за ланингоскоп и окталноскоп што значи многу услуги ќе бидат поблиску до граѓаните во тие амбуланти.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ: (**продолжение)

Би заклучил дека сите тие амбуланти ќе бидат опремени под иста спецификација. Тоа е она што се трудиме да го спроведеме проектот и она што го дава кредитот од светската банка.

Кога ќе се отворат мали апотеки, тука проблемот е малку покомплексен, но мислам дека зависи од сите нас, затоа што со новите промени на Законот за здравствена заштита кој можеби на крајот на овој месец или на почетокот на идниот ќе биде на дневен ред на овој Парламент, мислам дека ќе се даде една поголема слобода на аптекар-ската служба и голем број на апотекари од градот ќе бидат принудени во селските, она што вели Тантаров, населби односно новоформираните општини да си бараат свој опстанок. Тоа зависи, како што реков, од сите нас од донесувањето на новите измени на Законот за здравствена заштита.

Дали во селските амбуланти ќе постојат медицински сестри кои ќе обезбедуваат здравствена заштита односно континуирана терапија она што викаме парантерална, интравенозна или мускулна, мислам дека со новиот закон ќе бидат решени многу проблеми, јас не би сакал да прејудицирам пред време затоа што вие сте тие што треба да го донесете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор-

Има збор г-динот Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ГАЈТАНОВСКИ:**

Колку што го сфатив прашањето на почитуваниот пратеник Тантаров зошто сообраќајната полиција делува затскриено. Можеби тоа така може да се толкува, веројатно пратеникот Тантаров мисли на

сообраќајната полиција при вршење на контрола на брзината на движењето на возилата и почитувањето на сообраќајните прописи. Ако мисли на тоа би му одговорил дека сообраќајната полиција својата задача ја врши јавно, одговорно и совесно, а понекогаш може да се стекне впечаток дека се прави затскриено доколку полицајците оценат дека треба да го вршат зад некоја кривина за да ја констатираат реалната брзина на движењето на возилото и почитувањето на сообраќајните прописи, но тоа да го оставиме на страна, движењето на возилата по патиштата низ Републиката односно брзината на движењето на возилата низ Републиката е мошне сериозен проблем на кој Министерството му приоѓа во своето превентивно делување, мошне сериозно од причина што, еве за илустрација ќе ви дадам неколку податоци годишно во просек во Република Македонија се случуваат некаде од 150 до 190 сообраќајни незгоди со смртни последици односно од 150 до 190 лица го губат животот сообраќајни незгоди или неделно од 3 до 4 случаи имаме губење на живот од сообраќајни незгоди. Имајќи го сето тоа предвид и сакајќи превентивно да делува сообраќајната полиција својата задача ја врши одговорно, совесно и континуирано, а некогаш може да изгледа дека врши, како што рече пратеникот, затскриено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тантаров дали сте задоволен од одговорот?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Не сум задоволен само од одговорот на министерот Докузовски околу откупот на младите јагниња. Јас прашав дека цената беше утврдена на 70 денари франко трло. На таа цена извозникот можеше да добие стимулација од 2 0 денари, а тоа што подоцна се зборуваше дека уште плус 20 ќе се зголеми, дали се зголеми или не се зголеми вие повеќе знаете од мене.

Јас прашав дали тие извозници што јагнето го купија по 50 до 60 денари ќе остварат право на стимулација од 2 0 денари?

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас кажав дека не е исплатена премијата,. правото на премија се остварува со документација во Народната банка на Македонија каде еден од условите си остана ист да се плати 70 денари за да се оствари правото на премија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, јас имам само две кратко прашања. Првото прашање се однесува до Министерството за образование и физичка култура кој стопанисува со спортско - рекреативните објекти односно подецидно кој стопанисува со Спортско - рекреативниот објект "Сарај" бидејќи од поодамна постои барање од Друштвото за спортска рекреација "Сарај" за да може да го користи објектот кој постојано се руинира. Кога би имал можност и јас ќе донесев, како некои пратеници што прават овде, слика да видите како пропаѓаат тие објекти кои се изградени од поодамна. Денеска постои волја да можат тие објекти да се реновираат од страна на спортското друштво "Сарај", но за жал на тие барања им се одговара дека ние не сме компетентни, компетентен за ова е Паркови и зеленило СОФКА, Министерството за образование и визичка култура, но реалноста е таа дека тој спортско рекреативен центар се руинира, а младите луѓе спортистите кои сакаат да спортуваат и да се рекреираат немаат место и покрај тоа што живеат веднаш до тој објект да го користат, а се рекреираат со километри подалеку.

Барам да ми се одговори кој е надлежен за овие спортско-рекреативни објекти.

Второто прашање се однесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Веќе подолго време година и повеќе откако на граничните премини се зема одредена такса за шапот и лигавката каде се насочени тие средства од причини што дали имате сознанија која е добивката, а која загубата од тоа со оглед да со самиот чин на земање одредена парична такса создаваме слика пред меѓународната јавност дека и понатаму Република Македонија е загрозено подрачје од познатата шапот и лигавката, а знаеме дека луѓето беа оштетени особено сточарите, па дали тие средства се наменети и ориентирани таму каде се направени загубите мислам на сточарите и што мислите понатаму до кога таа такса ќе се собира на граничните премини?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Хасан Јашари, заменик министер за образование.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Со оглед на фактот дека прашањето е многу сложено, самата состојба со стопанисувањето со спортските објекти со оглед на фактот дека не се донесени соодветни закони, предлагам да се даде писмен одговор по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате г-дине Ризван. (Да) Г-динот Докузовски по однос на второто прашање.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Минатата година на 13 август беше регистрирана последната појава на шапот и лигавката во Македонија, а за да бидеме ослободен

од оваа болест односно забраната што ја бараат меѓународните пропис требаше да се воведат многу мерки меѓу нив и мерката на границите да се воведе тест бариера за дезинфекција, покрај тоа постојана служба и други мерки, да не ги набројувам сега заради карактерот на Парламентот.

Прашањето на вакцинација на добитокот од оваа болест беше предмет на програмата која Европската унија ја постави пред нас и требаше уште тие грла околу 4 илјади и нешто, тие се уништени, направени се трошоци кои уште не се платени, основен извор на напра вените трошоци за лигавката и шапот се потпираат на изворот од наплата на оваа такса. Освен потребата заради парите поклучно е прашањето дека оваа потреба ќе стои и мора да стои се дотогаш додека забраната за лигавката и шапот во Македонија постои. 15 септември е последната дата годинава кога била извршена минатата година последната вакцинација. Значи, една година по последната вакцинација. Ние побаравме од Европската унија да дојде Комисија која ќе треба да провери дали престанале условите. Тоа е направено, тие дојдоа зедоа мустри и ги чекаме резултатите. Меѓутоа, без бел мантил на граница, без дезинфекција, без наплата на пари нема ни симнување на оваа зараза. Значи, ние мораме да покажеме пред светот дека сме држава која сме организирале и промет на добиток и контрола на границите и сточните пазари и на сите објекти. Тоа го правиме на границата и ќе потрае за подолго време додека навистина не ги елиминираме сите причини кои доведоа до ваква забрана. Не чекаа 15 декември треба да оствариме извоз на 6 до 8 илјади јагниња зависи од родот и доколку ова не го симнеме тие ќе ги продаваме пак на домашниот пазар и ќе имаме вакви прашања како што постави г-динот Тантаров.

VI/6.-

Оттаму да завршам парите се малку да ги покријат трошоците кои се врзани за лигавката и шапот, посебно за бруцелозата која исто така секојдневно се појавува и да потенцирам додека не сфатиме во државата дека добитокот ќе го продаваме со документација по пазарите да нема слобода каква што има сега ние ќе се соочуваме долги години со вакви работи. Да завршам мора до крај да ги почитуваме прописите и нормите кои ги постави Европската унија кое во случајот е поставено од нив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. имам намера да поставам едно прашање до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина. Прашањето гласи: Кога ќе се започне со реализација на проектот за водоснабдување Патишка Река. Образложение, овој проект Патишка Река постои веќе неколку години и со него треба да се обезбеди водоснабдување на околу 40 села и населби во околината на Град Скопје. Сум ги посетил дел од тие населби кои очекуваат да добијат вода за пиење тоа се Нова Брезница, Држилово, Патишка Река, Црн Врв, Горно и Долно Соње, Осинчани, Добри Дол, Ракотинци, Света Петка, Варвара и приградската населба Сопиште.

Имено, информацијата на претходната Влада беше дека овој проект ќе го спонзорира Јапонската Влада од вкупно четирите проекти кои се зацртани за спонзорство од Јапонија. Овој проект беше втор по ред за реализација во првиот проект кој е веќе реализиран за набавка на опрема за испитување на прехранбени продукти кои влегува во Македонија што значи дека требаше, според последната информација

некаде 1997 година значи почетокот на оваа година да биде започнат тој проект. Јас би замолил, ако е можно, усно да ми одговорите до каде се тие преговори за реализација на тој проект, дали има конкретни согледувања или ако во овој момент не сте подготвени, писмен да одговорите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тромбев одговор во писмена форма.

Има збор г-дин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Имам неколку прашања. Првото е до Министерството за стопанство дали во долгорочниот проект за гасификација на Македонија ќе биде опфатена и општината Кичево? Ако одговорот е не, тогаш логично зошто.

Второ прашање до Министерството аз образование. Кичево има центар за средно образование еден единствен во кој се школуваат над 2.000 ученици изграден 1954 година не адаптиран, не сторено ништо на тоа поле, еве веќе 40 и кусур години. Едноставно. услови не постојат ни просторни ни за учење, кабинетите се поминати во училници, помагала нема едноставно нема минимални услови за обавување на настава.

Прашањето е дали на ова поле ќе стори нешто Министерството за образование за проширување на овој објект.

Друго прашање исто до Министерството за образование, а тоа е овде беше спомнато од претходниот колега за спортските сали јас ќе ги спомнам напуштените училишта по селата без ученици, руинирани, препуштени на забот на времето на распаѓање, а интерес кај граѓаните,

кај субјектите правни или физички, постои за нивно користеше. Во една прилика добив устен одговор дека ќе се прави попис на тие објекти кои не се користат да се стават во функција односно на располагање на оние заинтересирани, но тоа беше устен одговор, сега поставувам пратеничко прашање дали Министерството за образование нешто на тоа поле ќе стори.

Трето прашање до претседателот на Собранието деловничко дали може пратеник да постави прашање до пратеник?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Тогаш очигледно недостаток на овој Деловник,но ќе се залагам во наредниот деловник тоа да влезе.

Четврто, како последно и ова нека биде како дополнение на прашањето што колегата Дане Милошевски го постави во врска со технолошкиот вишок. Кога се носеше законот овде, јас бев еден од тие што продискутирав, го прокоментирав и така го разбрав дека ќе бидат опфатени и работниците кои се по сила на закон на загубари останати технолошки вишок. Сега колку можев да го разберам одговорот на дополнителното прашање беше не. Едноставно прашувам дали категоријата технолошки вишок е она што произлегло како резултат на структурни промени во општеството или како резултат на стечај, а оваа сосема друга категорија се работници кои излегуваат по законот останаа во Заводот за вработување по законот за загубари. Не беше мала бројка. Не се работи за работници од новите фирми сега што ќе излезат како трудови инвалиди, па да се пријават. Се работи за фирми кои малку ги има во Македонија тоа е дел на злетовскиот крај рударите и дел на Кичево каде спаѓа"Тане Цалески" и "Трајмиштб  кои беа рудари и мала

група на работници кои треба да ги имаат овие права по основ на овој закон и тогаш искажав големо задоволство дека и таа група на работници ќе се најде, но за жал одговорот беше, колку што можев да разберам, негативен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Петрушевски, заменик министер за стопанство.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Проектот гасификација на Република Македонија има амбиции да ја покрие целата територија на Република Македонија знаете во каква фаза е, веднаш по ова следи втората фаза размрежување на градовите, општините, населените места до каде се протега главниот вод. Во втората фаза ќе се вклучи и Кичево, секако

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Од Министерството за образование нема никој, ќе добиете одговор во писмена форма. За третото прашање има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека пратеникот не разбрал се работи за сите фирми каде е завршена стечајната постапка односно престанал да постои правниот субјект. Сите тие инвалиди на трудот се вклучени во измените на законот за пензиско и инвалидско осигурување, а другите не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наумовски.

VI/10.-

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Очигледно и се разбираме и не се разбираме. Јас ги спомнав фирмите "Тајмиште" и "Тане Цалевски" беа загубари и имаат инвалиди на трудот. Се работи за 10-15 работници кои по основ на тоа сега земаат надомест од Заводот за вработување. Сега спрема овој одговор вие што го дадовте има некоја логика овие фирми треба, а за сега живеат и се надеваме дека ќе живеат, успешно ја поминаа оваа фаза на трансформација. Сега тие вработени што не можат да ги повратат, бидејќи се трудови инвалиди, едноставно немаат минимално технички услови оној што бил рудар или оној што работел во "Тајмиште" во "Тане Цалевски" да се врати на работа. По логика на овој закон и така го разбрав законот дека треба да го примаат тој надоместок. Спрема вашиот договор испаѓа подобро ќе биде овие две фирми да појдат под стечај па да се стекнат со право. Во тоа е што не се разбираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сите фирми кои продолжуваат да работат имаат должност да ги повратат работниците, како што ги отпуштиле, согласно нормите односно нивните можности.

Фирмите кои престануваат да функционираат, тие инвалиди на трудот, согласно законот можат да стекнат право на пензија, односно да почнат да го примаат надоместокот од фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Значи што она пратеникот Бранко Арсовски од место го најави. Такви тенденции има да се бараат дополнителни измени во законот и да се прифати таква категорија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ферид Мусовски.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ќе поставам две прашања.

Првото прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи. Прашувам до каде е стигната истражната постапка во врска со двојното убиство во с. Лазарополе - општина Ростуше, кое убиство се случи минатата година. Дали постапката уште трае или е завршена

Прашувам, до колку постапката е завршена зошто Министерството не излезе со информација за случајот, бидејќи истиот беше исполитизиран во јавноста, во дадениот момент.

Второто прашање го упатувам до Министерството за сообраќај и врски.

VII/2

Прашувам дали македонската телевизија во својата развојна програма планира да ја реконструира релејната станица за општина Ростуше, бидејќи истата е руинирана и дотрајана, изградена е во 19 64 година. Телевизискиот сигнал за нашиот регион за прва и втора програма е доста слаб, а додека III-та програма воопшто не ја следат програмата.

Напоменувам, и покрај горенаведените проблеми сепак граѓаните од овој регион се едни од редовните претплатници. Ако не се преземаат соодветни активности да се подобри ТВ сигналот за овој регион и овие редовни претплатници ќе бидат приморани да ја прекинат редовната претплата.

**ГАЈТАНОВСКИ**

Во врска со двојното убиство во Лазарополе истрагата од страна на МВР е сеуште во тек, односно не е завршена. Досега се преземени широки и сеопфатни мерки за откривање на непознатиот сторител на ова свирепо убиство, меѓутоа не е дојдено до поконкретни индиции сознанија и докази за можниот сторител на ова убиство. Реков истрагата е во тек, да се надеваме дека ќе дојдеме до конкретни сознанија.

Господине претседателе, ако дозволите, во врска со одговорот што го дадов на пратеникот Фаик Абди би имал едно дополнуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е тука пратеникот сега и нема потреба, бидејќи тој треба да каже дали е задоволен или не.

По однос на второто прашање одговор ќе даде господинот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Верувам дека пратеникот е во право и затоа ќе ни дозволи Министерството да го испита случајот како би можело да се види јачината на релејната станица во с. Ростуше, така да сигналот се овозможи да биде појак. Во секој случај ќе се одговори на еден технички аспект, каде е проблемот?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласува господинот Мусовски со одговорот?

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Да.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас имам да поставам три прашања. Првото прашање и го поставувам до Министерството за сообраќај и врски. Тоа прашање е поставено пред година дена а сега пак ќе го повторам.

Кога ќе отпочне реконструкцијата на старата или изградба на нова траса на патниот правец м-2 поточно Куманово - Крива. Паланка - Деве Баир. Имено се работи за делницата Ранковци- Крива Паланка.

Јас и тогаш кога го поставив тоа прашање реков дека оваа делница може да се подели на 2 дела. Едната делница е Ранковци - Псача, а

другата Псача - Крива Паланка. Делницата Ранковци- Псача поминува низ Славичко Поле кое сега е зафатено со населби кои веќе наликуваат ан градски населби. Патот веќе не е магистрален пат туку улица. На целата делница во должина од 7 км. нема ниту еден подвозник, ниту надвозник. Има диви приклучоци, диви патишта, селски патишта. Сите излегуваат на магистралниот пат.

Втората делница е Псача - Крива Паланка каде што целата делница во должина од 10 км е со полна линија. Знаете дека овој патен правец од 199 0 година наваму доби на својата тежина и една од главните влезни и излезни порти во државата.

Второто прашање исто така е упатено до Министерството за сообраќај и врски, а гласи:

Кога ќе бидат регулирани подвозниците од железничката група во изградба Бељаковце - Деве Баир. Имено, на делницата низ Славичко поле кај селата односно нивните приклучоци: Љубинци, Петралица и Гибници. Во с. Љубници два подвозника во с. Гибнице 2 подвозница и во с. Петралица 1 подвозник.

Знаете дека оваа година интензитетот на пругата е намален. Овие подвозници се изградени а постојните селски патишта затрупани со високи насипи. Граѓаните од споменативе села и од другите села кои ги користат овие патишта сега поминуваат по импровизирани патишта. Имено, сите подвозници се изградени во долини кои во лето се суви, а во зима богати со вода. Така во летниот период селаните и се и не се судрени со одредени проблеми, меѓутоа во зимскиот период проблемите се евидентни. Овие подвозници се оставени неуредени, тоа е една земја иловица која зимно време тешко се совладува, ни пеш не може да се совлада а камоли со превозни средства.

Третото прашање е упатено до Министерството за стопанство.

Едно прашање беше поставено од колегата од Штип до тоа министерството.

Прашањето гласи кога ќе биде назначен пазаришен инспектор на царинскиот терминал на граничниот премин Деве Баир.

Реков пред малку дека е ова влезна и излезна врата во државата. Овој терминал сеуште нема пазаришен инспектор. Сега е покриен со пазаришниот инспектор од Куманово кој патува, час е тука, час не е тука, така да увозниците се принудени да влегуваат во овој терминал и да излегуваат како неоцаринети и да одат во другите, соседни терминали, Куманово и Скопје.

Ако ми дозволите уште едно прашање, само ќе го повторам, а тоа е прашање упатено до Министерството за земјоделие. Тоа прашање како јас што реков сум го поставувал и ќе го повторувам постојано се до моментот додека сум во ова Собрание или проблемот не се разреши. Имено, се работи за браната 0'Дошница. Јас тоа сега ќе го образложам.

Браната Дошница започнала да се гради 199 0 година, тоа е насип на земјена брана во висина од 21 м. Насипот е изграден одводниот канал изграден, премин на шахта треба да се изгради и внатрешно уредување на ѕидот т.е. галеријата.

По пресметките на Министерството односно дирекцијата за доводостопанство потребни се уште 20 милиони денари. Трета година е како активности на оваа брана нема никакви и насипот е оставен на забот на времето. Инаку, досега браната е изградена до државни пари, финансирано и Министерството за земјоделие и Фондот на водостопанство.

Постои уште една голема опасност,  покрај ерозивните дејствија на насипот, постои уште една бојазност а тоа е да се запуши преливната шахта да се наполни браната со вода, бидејќи таа не е подготвена, може да пукне и низводно населбите Дошница Ветуница и дел од Ранковски да бидат поплавени.

Прашањата до колку е можно да ми се одговорат усмено, ако не, може и писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор заменикот на министерот за стопанство господинот Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Во согласност со систематизацијата на Министерството за стопанство односно пазарниот инспекторат постапката за именување на пазарен инспектор во подрачна единица Крива Паланка е ©о тек и се надевам дека релативно брзо ќе биде пополнето и ова место.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Во нашава држава во последниве години започнати се многу вакви објекти како што е г. Дошница. Секој додека е пратеник или некаков функционер почнувал да ветува дека ги имаме парите обезбедени дајте ги вашите и ќе сврtotal работа. Јас реков има многу вакви објекти во Македонија. Јас бев и во Отошница, ја посетив и да кажам додека сум јас министер не ќе можеме да ги завршиме сите објекти кои се започнати. Ќе видиме секаде до кој степен кој објект е изграден, кој својата обврска не ја исполнил и ќе излеземе со програма за 1998 година, за кои објекти

ќе дадеме пари да ги довршиме, а ќе дадеме предност на оние кои ќе се завршат со помалку пари и побрзо. Дошница не е во тие објекти. Но еве ветувам ќе дадеме материјал во кој јасно ќе кажеме што ќе правиме со повеќе објекти од овој тип.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Милошевски дали сте задоволен со одговорот?

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Да.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Првото прашање што ќе го поставам е до Министерството за сообраќај и врски.

Со донесувањето на законот за радиодифузна дејност регулира е ТВ наплатата да оди заедно со електричната енергија. Меѓутоа настанаа одредени птоешкотии во наплатувањето на електричната енергија и ТВ претплатата. Како резултат на ова за илустрација ќе наведам во општината Крива Паланка процентот на наплатата беше 95 до 9 8%, во првото полугодие, до донесувањето на законот. После донесувањето на законот овој процент е намален до испод 50% и за 7-ми месец изнесува 44%, а за 8-ми само 20%. Причини има повеќе. Една од причините е тоа што се наплаќа и на оние кои немаат ТВ приемници, потоа оние кои имаат повеќе струјомери, меѓутоа имаат само еден ТВ приемник, тие на повеќе места мораат да ја плаќаат. Понатаму имаме подрачја каде немаме квалитетен прием а со законот тоа го регулиравме и тие да

бидат некако ослободени до плаќање. На ова се приговара и во писмена форма, меѓутоа, одговор нема. од тие аспекти луѓето се огорчени и наплаќаат.

Поставувам прашање подоследно ќе се применува овој закон и што се презема за регулирање на ова прашање, бидејќи доаѓа како проблем наплаќањето на ел.енергија.

Второто прашање е исто така до ова Министерство.

Прашувам, кога ќе се гради регионалниот пат Тораница-Македонска Каменица, за поврзување на овие два рудника.

Наредното прашање што ќе го поставам е до Министерството за одбрана.

На подрачјето на планината Чупино за потребите на УНПРЕДЕП до нивната база изграден е пат. При градба на патот направени се штети, не само каде што минува лентата и неколку метри од левата и десната страна на патот. Понатаму направени се големи вдлабнатини за користење на материјал, кој длабнатини имаат длабочина од 2-3 метри, а некаде во пречник 5-10 м. Значи, од една страна со нив е направена штета а од друга страна претставуваат евентуална опасност да настрада добитокот кој таму се напашува или сточарите, а посебно во зимскиот период кога тие се исполнети со снег.

Прашувам кога граѓаните ќе бидат обесштетени, бидејќи реагираат затоа што зафатени се одредени обработливи површини или ливади и дали градежното претпријатие Маврово треба да ги израмни овие површини таму каде што е направена штета. Оној кој инвестирал треба исто така при надзорот д направи увид и тие работи да се доведат во првобитната положба. Тоа не е сторено и од тој аспект се јавуваат проблеми на тоа подрачје.

Четвртото прашање е упатено до Владата, односно Заводот за статистика, а се однесува на механичкиот прираст на Албанците во РМ.

Познато е дека во одредени периоди има поинтензивни а во друг период има помали миграциони движења. Од овие причини моето прашање се однесува на механичкиот прилив на Албанци од Косово и Санџак и механички прилив на Албанци од Република Албанија

Прашањето е колку изнесува бројот на иселеници односно доселеници, емигранти или имигранти и кои се причините за овие преселувања.

Целта на ова прашање е бидејќи овде многу се фрлаше дрва и камења по актуелната власт, по системот, по поредокот на РМ, па во тој случај ако едно подрачје е непогодно, тогаш ќе имаме одлив. Ако тоа подрачје е погодно за живеење ќе имаме прилив. На тој начин ние пратеници би имале увид во таа состојба и при евентуални наши искажувања да ги имаме овие податоци.

Барам на некои прашања да ми се одговори усмено, а на некои може и писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали од претставниците на Владата ќе одговори некој усмено на овие прашања или дел од нив.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на приговорите што се однесуваат на неплаќање на ТВ претплата во пределите каде има луѓе што живеат а немаат ТВ приемник, такви претплатници кои имаат поднесено приговори ќе бидат ослободени, но претходно мора да се изврши проверка.

По второто прашање за изградбата на патот, писмено ќе се произнесеме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во однос на третото прашање механички прилив на Албанци и од Косово и од други делови нема. Тоа прашање е регулирано со Законот за државјанство, кој е донесен во ноември 1992 година и секој граѓанин кој претендира да добие државјанство на РМ, согласно одредбите на тој закон подлежи на таква проверка. До колку се мисли на другите категории на граѓани, тука важи законот аз престој на странци. Тој е во сила и тој се применува.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Прашањето се однесува за оној прилив, за оние доселувања и селувања кои се со постојан карактер, не времен, кој се дојдени во нашата земја или се отидени од нашата држава во други земји. Тука има веројатно статистички податоци и такви бројки мора и треба да има. Не ми е сега прашањето за природниот прилив туку за механичкиот, бидејќи прашањето е актуелно. Ако едно подрачје како што пред малку реков е непогодно, има лоши услови на живеење, ќе има одлив и обратно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира за ова неможете да добиете одговор во усмена форма.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и министри,

Прашањето што сакам да го поставам се однесува на една материја која малку можеби е од интередисциплинарен карактер, малку е табу тема. Се однесува на феноменот на проституцијата. Мислам дека околу овој проблем може да биде заинтересирано Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за правосудство и МВР. Имено, знаеме дека во нашава држава во пол ек е феноменот наречен нелегална проституција, да ги набројувам градовите во Скопје велат дека просторот меѓу Ректоратот е скопскиот фигал, а дека и во другите градови бевме сведоци на протерување на разни продавачки на љубов итн. Знаете консеквенциите какви се, негативни во смисла кога е тоа нелегално и затоа поставувам прашање дали Владата размислува за изнаоѓање на еден одговор на овој проблем имено, дали се размислува за легализирање на проституцијата. Мислам дека проблемот влегува во една табу тема, но сите оние што се занимаваат, особено луѓе со аналитика на социјалната проблематика, ќе се согласат дека овој проблем е мошне сериозен , иако на прв поглед никој не се осудува да зборува за него. Сметам дека е неопходно да се изготви еден проект за легализација и сметам дека во тоа треба да биде една интередисциплинарна студија, впрочем гледавте и на телевизија пред некој ден што имаше една емисија. Како што реков прашањето го поставувам токму заради фактот што се можни мошне непријатни консеквенции и од социјален и од здравствен аспект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Се разбира тоа може да биде само во писмена форма.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседателе, господа министри и драги пратеници

До Министерството за правда би имал прашање.

Судскиот процес во Основниот суд во Гостивар против обвинетите г-дин Руфи Османи, градоначалник и Рефит Даути, претседател на Советот на општина Гостивар, нивната пресуда предизвика голем број реагирања, незадоволства на граѓани во Гостивар и пошироко во РМ. Прашањата се следни:

- Дали Министерството за правда го гледа овој процес како праведен, од аспект на почитување на децидноста на правно -кривичните норми?

- Второ, како Министерство за правда, како Министерството за правда го гледа продолжувањето на процесот во доцните вечерни часови?

- Трето, како Министерството за правда го гледа откажувањето на четворицата бранители во последниот момент и дали истото Министерство смета дека судската власт во Гостивар функционира добро и го почитува Уставот и законите што ги изгласал овој Парламент?

Одговорот го барам во писмена форма.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Во првата половина на месец октомври во кочанско ќе се почне со жетвата на оризот. Оваа година се посадени околу 4 илјади хектари ориз и се очекува принос од 28 илјади тони арпа ориз, однос околу 14 до 15 илјади тони бел ориз.

Бидејќи во текот на минатата година изостана очекуваниот пласман на оризот, така и денеска имаме околу 30% од оваа култура која стои во амбарите на земјоделците, ова е резултат и на непреземените активности на Владата и надлежното министерство за организирана активност за пласман на ориз и одредената количина на ориз што беше

увезена минатата година. Со ваквата политика дојде до една депресирана цена на оризот, цената на оризот е сега околу 35 денари килограм бел ориз што одговара на кгр. домати, со што на некој начин со оваа политика всушност, се оневозможува интересот на земјоделците во Кочани за понатамошно производство на ориз.

Прашањето е следно. Дали надлежното министерство и Владаат очекувајќи ги овие приноси во текот на оваа година, планира да преземат одредени активности во поглед на давање помош и овозможување на поквалитетен пласман на оваа култура, а тоа може да го направи и преку откупот во државните резерви , понатаму преку одредена помош за пласман во нашите соседни земји, понатаму преку размена, односно можност за купување на пченица преку извоз на ориз како култура Ова е од причина бидејќи во Информацијата што ја побарав од Владата стои навестување дека во тие контакти со Хрватска, Босна има навестено можност за извоз на околу 2 илјади тони бел ориз. Дали таа можност и тоа навестување во текот на оваа година има едни позитивни набои, односно исход дали ќе има и воедно во текот на оваа година нашата држава даваше одредена помош на одделни наши соседни земји иако беше проблемот со пласман на оризот евидентен, мислам дека оризот не влезе во помошта како култура, а тоа можеше исто да биде еден од начините за подобрување на пласманот на оризот.

Ако политиката на Министерството и Владата беше да се намали енормната цена на оризот како пред година ипол тоа вие знаете дека беше околу 110, 120 денари кгр. бел ориз, мислам дека таа политика вроди со плод, сега веќе имаме трипати помала цена на оризот со што на некој начин оризот од култура која имаше заштитна цена дојде до култура која е крајно занемарлива.

Значи уште еднаш ќе повторам, дали надлежното министерство и Владата очекувајќи го овој принос планираат да превземат одредени активности за да можат да го подобрат пласманот на оризот.

Второто прашање е до Министерството за стопанство во Кочан до пред година дена постоеше, односно сеуште беше во производство единствената фабрика за хартија во нашата држава. Година дена таа е во постапка на стечај. Прашањето е бидејќи јас ги знам ингеренциите на државата во стопанството, но бидејќи се работи за единствена фабрика за производство на хартија, дали Владата односно надлежното министерство планира да превземе одредени активности за да може да дојде до одредено активирање на дел од производството и вработување на дел од оние вработени во оваа фабрика?

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Производството на ориз годинава се оценува дека ќе биде на минатогодишно ниво иако беа посеани повеќе од 700 хектари површина повеќе од лани. Значи ќе добиеме околу 22 до 23 илјади тони ориз. Го споменувам податокот за да укажам дека секогаш во Кочани штом се посадат над 3.500 хектари површина, сето тоа претставува вон билансни потреби на државата и тешкотии за пласман на оризот. Овој проблем е дежурна тема секогаш и од оваа говорница ќе кажам дека 1996 -1997 година се бавевме со проблем на 5.000 тони ориз како вишок и му баравме решение надвор од државата да го извеземе во соседните држави. До некаде заврши со тешкотии за земјоделците, меѓутоа да сметаме дека тој ориз заврши. Годинава ќе се соочиме со истиот проблем со околу 5 до б илјади тони ориз за пласман на пазарите. Кочанчани треба да сфатат дека системот Брегалница не е граден да се сади ориз над четири илјади хектари. И сегашниот проект што е за рехабилитација поаѓа од тоа дека Кочани може да сади до 4 илјади хектари ориз. Во тие рамки ние ќе мора да развиеме доста голема активност за ова да се сведе на ова ниво. Сето над тоа ќе биде проблем. Во оваа насока што се превзема и што треба да преземеме во наредниот период. Се превзема тоа што во сите спогодби со државите за

бесцаринска царинска основа е влезен оризот. Со Словенија веќе квантифицирано 3 илјади тони повеќе не сакаат заради тоа што увезуваат од Италија. Со другите државни не е квантифициран бидејќи не е на листата да може да се ограничува. Прашање е дали ни со цената која што ја формиравме порано високо, па сакаме да ја држиме и понатаму ќе успееме да се птобиеме. Според тоа, ние работиме на создавање пазарни услови надвор од тоа, не доаѓа предвид да прифатиме , бидејќи отпадна тоа прашање од државата да пропишува заштитни цени и да откупува, бидејќи во резервите ориз има доволно. Останува прашањето кое во наредниот период, заедно со Кочани го разработуваме, бидејќи сме врзани заради проектот со светската банка, со системот, да обезбедуваме поголем систем на наплата, сега е најниско 23%, што загрижува затоа и ситуацијата е таква да не може да ги плати своите придонеси по вина на водните надоместоци и во тие рамки да го решаваме прашањето на пласманот на оризот, врзувајќи го и за други производи што е тема што накнадно со Кочани ќе ја разгледуваме, мислам дека така треба да го гледаме проблемот и решенијата да ги бараме таму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи гледам кој како ќе постави прашање, си заминува, сакам да ве информирам дека утре ќе продолжиме со Седумдесет и шестата седница во 11,00 часот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Првото прашање е до Агенцијата за трансформацијата на општествениот капитал, односно до Министерството за финансии.

Прашањето гласи: Дали дивидендата на претпријатијата кои се приватизирани, по моделот менаџерски откуп се користи за отплата на

приоритетните акции, односно за трансформирање на приоритетните акции во обични акции. И ако тоа се врши дали е во согласност со членот 63 од Законот за трансформација на општествениот капитал. Тоа е прво прашање.

Второ прашање е повторно до Министерството за финансии. Дали основицата на плата односно најниската основица врз која што се плаќаат придонеси за пензиско, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во државните органи изнесува 65% од просечната плата во гранката , онака како што е објавено на 25-ти во месецот за секоја гранка од Министерството за труд и социјална политика. Во тој контекст дали исто така во јавните здравствени организации најниската плата врз која што се плаќаат придонеси, дали таа изнесува 65% од просечната плата во гранката, бидејќи во здравствените организации има категорија на работници кои што примаат пониска плата од она што ја велиме 65% од просечната плата во гранката, согласно одредбите на Законот за здравствена заштита и се јавува следниот проблем. Таа категорија на работници, со оглед дека не прима плата, толкава колкава што е со законот за измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита, 65% од просечната плата во гранката, се јавува проблем околу обезбедувањето на правата за пензионо осигурување, така да имаме една категорија на работници кои примаат пониска плата и се поставува прашањето кога тие одат во пензија тешко можат, или никако не можат да дојдат до решение за пензија. Во тој контекст го поставувам прашањето до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, дали го користи во таа насока институтот дисконт во функција на измените и дополнувањата на Законот за финансиско работење. Ова го велам од аспект што на тој начин и здравството може да заштеди одредена сума пари, а да го реши

прашањето за оваа категорија на вработени во здравствените организации.

До Министерството за финансии. Познато е дека ние го донесовме законот за трансформација на банките. Познато е и тоа дека долговите на стопанска банка станаа да се трансформира во јавен дол односно во долг на Владата према тие стопански субјекти. Па ме интересира колкав е тој капитал на долг, поготово од претпријатија во јавниот сектор и како истиот се користи, каде се насочува, односно, дали стопанските субјекти , кои што биле должници према Стопанската банка, а сега на Владата и натаму се должници, или тој долг се редуцира и на кој начин. Веројатно се применува моделот на компензација, но би сакале да знаеме дека и тие резерви до кој степен се и како се користат иако присутни се сознанија дека одредени државни органи, јавни организации од тој долг нафтата, струјата се плаќа и н, би било добро да знаеме како таа маса се насочува и каква е нејзината финансиска состојба. Исто така едно прашање до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Познато е дека многу претпријатија во текот на трансформацијата влегоа во стечај.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (Продолжение)

Меѓутоа,исто така познато е дека многу работници вработени во тие претпријатија добиваат карта на осигурување два месеца однапред. Тие беа за во стечај и нормално, по стариот Закон за стечај- на постапка се знае каква е процедурата.

Ме интересира дали и Фондот кај овие субјекти, Фондот за здравствено осигурување кај овие стопански субјекти кои паднале по, стечај се пријавил како побарувач кон должниците за од стечајната мас

До Министерството за водостопанство, со оглед на тоа дека проектот за снабдување со вода за пиење во населбата Подгорци-Струга е во финална фаза и со оглед на тоа дека тој проект, според пропозициите што ги дава Законот за финансирање на проекти на недоволно развиени краишта само за вода за пиење, а овој проект го решава и прашањето и за наводнување, се разбира со учество на граѓаните, дали Министерството за земјоделие и водостопанство е заинтересирано, е во можност да помогне кон учеството, односно го редуцира учеството на граѓаните во реализацијата на овој проект?

До Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина, со Одлука на Владата за реконструкцијата на водоводот во с. Октиси доделени се 15 илјади германски марки во денарска противвредност. Ме интересира дали има повратни информации Министерството, дали тие пари се потрошени, како се потрошени и кој субјекти ги има искористено и дали се наменски реализирани.

Има едно прашање до Министерството за здравство, Буџетот на Република Македонија познато е дека финансира 9 програми, односно се врши трансфер на средства Буџет - Министерство за здравство за покривање на реализацијата на 9 програми во здравството.

IX/2.-

Овие средства дали се насочени, дали се сите средства искористени, дали се дојдени во Министерството за здравство или истите се мешаат со средствата од Фондот за здравствено осигурување па реализацијата на овие програми, извештаите аз реализацијата и за постапките на здравствените организации по овие програми како да се застанаа во еден изминат период од порано, велиме пред 5-6 месеци, како непотребни, ние веќе не даваме такви извештаи за реализација на тие програми и средства, а можеби и средствата не се преведени до Министерството од страна на Владата за деветте програми за здравствена заштита.

Сега едно последно прашање до Владата, во Република Македонија почна крупен проект на приватизација. Се врши приватизација на деловен и стамбен простор, приватизација на државниот капитал, приватизација на стопанските субјекти и , како резултат на целокупната приватизација нормално дека во Буџетот стигнува одреден финансиски капитал.

Ме интересира колкав е тој капитал по овие позиции и каде е истиот насочен, за кои цели, за кои програми и каде се на- сочени.

Барам писмен одговор.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

По него , на списокот се пријавени според редоследот: г-дин Шаќири, па г-дин Ајдарага, г-дин Чапов, г-дин Арсовски Бранко, г-дин Стојановски Томислав, г-дин Илија Каров, г-дин Панчо Минов, г-д Драган Митевски, г-дин Маличи, г-дин Котевски Слвако, г-дин Видимче и се разбира овие што ги прозвав а не беа тука г-дин Аце Коцевски и г-д Станковски.

IX/3.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ.**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Прво на почетокот навистина имам една процедурална забелешка, би рекол забелешка со која што можеби ќе се согласат повеќето колеги пратеници. 7-8 месеци не поставуваме пратенички прашања, а оваа седница неколку пати ја најавувавме и јас, навистина, како пратеник во овој Парламент се чувствувам навреден од односот на Владата на Република Македонија што од дваесетина министри само неколку се денеска присутни. Тоа е прво. Сметам дека како Парламент не заслужуваме таков однос од Владата на Република Македонија.

Прашањата што сакав да ги поставам се двоумев дали на- вистина да ги поставам затоа што не знам кој ќе ми одговори:

1. Првото прашање се однесува на таканаречениот Закон за “ТАТ“, "АЛФА-С" и "Лавци". Прашањето е од неколку потпрашања и се состои од следново:

- кога ќе почне исплатата на месечните рати предвидени со Законот за обесштетување и предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните оштетени од "ТАТ", "АЛФА-С" и "Лавци";

- дали исплатата ќе заврши во временскиот рок утврден со закон, односно најдоцна до 1 февруари;

- дали на штедачите со првата рата ќе бидат исплатени и месечните рати за изминатиот период;

- дали во најскоро време јавноста биде запознаена со критериумите според кои стечајниот судија ќе го утврди редоследот и динамиката на исплатата на средствата што произлегуваат од побарувањата по основ на штедни влогови?

Сосема на кратко би го образложил прашањето:

IX/4.-

Во членот 3 став 5 од Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата од граѓаните по основ на штедни влогови или таканаречениот Закон за "ТАТ" , "АЈ1ФА-С" и "Лавци" се вели, цитирам:

"Средствата од став 1, се мисли на оние средства до 13.500 денари што требаше да им се исплатат на штедачите, вели, средства од став 1 на овој член се исплатуваат во еднакви месечни рати за секое семејно домаќинство најмногу до 13.500 денари во период до завршувањето на стечајната постапка,но не подолго од б месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Законот влезе во силана 1 август. Според тоа, месечна рата, овој закон ја утврдува дека не смее да биде поголема од 13.50 денари по месец.

Ако гледаме до друга страна Законот ограничува дека не смее да биде ратата односно отплатата на ратата подолга од 6 месеци од завршувањето на стечајната постапка. Што значи до ден денешен исплата тата не е започната и исплатата не може да се изврши согласно овој Закон односно во 6 еднакви рати, а да заврши во рок од 6 месеци.

Затоа сметам дека на ова прашање треба да се одговор усно затоа што прашањето е од таков карактер, односно бара одговор во најкраток можен рок.

Второ прашање, реков не знам кој ќе ми одговори на сите мои прашања затоа што министерот аз финансии не е тука, а не знам кој друг од Владата би сакал да одговори.

Второто прашање е следно, некаде во почеток на февруари беше најавено дека во почетокот на август 1997 година се очекува Владата на РМ да потпише повеќе договори со Руската федерација од област на

економската соработка. Пред се на Законот за избегнување на двојно оданочувања и Законот за инвестициони вложувања и уште 3-4 договори што требаше да се потпишат.

Прашањето ми е зошто и на што се должи што до ден денеска споменатите најавени договори со Руската федерација не се потпишани.

Само кратко би кажал зошто ги поставувам овие прашања

Ако добро го проанализираме периодот до 1990 година или да јаземеме 1990 година Македонија имаше стопанска размена со Руската федерација од 720 милиони долари. Во 1996 година Македонија има стокова размена со Руската федерација 140 милиони долари. Од тие причини сметам дека треба да се даде одговор на прашањето зошто овие договори не се потпишани и кои се причините за нивното непотпишување за кои според мене сметам дека влијаат на меѓународна стокова размена на Република Македонија.

Третото прашање што овде многумина го поставуваа, го прашувам и министерот за земјоделие да каже од оваа говорница што опфаќаат мерките аз дезинфекција за заштита од шап и лигавка при граничните премини?

Овде, многу пати претходните министри одговараат на тие прашања, но еве барам сега усно да ми одговори што опфаќа, затоа што јас еднаш овде поставив прашање во врска со таа дезинфекција што државата, Владата на Република Македонија самата си ја негира својата држава. Ќе Ви кажам конкретно зошто, упорно уште пишувате картички или купони изразени во германски марки. Ги издава државата односно надлежни органи на Владата на Република Македонија. Упорно си го негирате постоењето на нашиот денар.

Барам конкретно одговор што опфаќа дезинфекцијата за што секој граѓанин плаќа по 5 германски марки.

Благодарам.

IX/6.-

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да работи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој од Владата ќе даде одговор.

Има збор г-динот Докузовски.

**КИРЕ Д0КУЗОВСКИ:**

Дезинфекцијата опфаќа дезинфицирање на секое возило со препарат што е потврден за исправен. Дали во праксата има недоследности, треба да знаеме да провериме. Преминување и прскање на тркалата каде што возилата минуваат, а дали има недоследности би било добро да знаеме за да преземеме мерки.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-ин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДВОСКИ.**

Дополнително прашање, со оглед на тоа што на граничниот премин Меџитлија имаше само она водата да се помине кое што откако заврна дож изгледа ништо друго не направија , со оглед на тоа што не вршевте прскање на возилата и друга заштита, дали на граѓаните на РМ кои минуваа преку тој граничен премин ќе им ги вратите парите заради тоа што зедовте пари за неизвршена работа?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За другите прашања одговор во писмена форма.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ.**

Барам усмен одговор за првите две прашања.

IX/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Нема претставници на Владата.

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, во салава е потпретседателот на Владата на РМ, има министер без ресор за кој што многупати најавуваа и изјавуваат дека ја води проблематиката поврзана со одредени финансиски проблеми. Сметам дека прашањето што го поставив во врска со исплатат на средствата наменети за предвремена исплата на штедачите на "ТАТ" дека тие двајца претставници на Владата би можеле да го одговорат. Во спротивно, ако ништо друго нека кажат дека Владата во овој момент не располага со сознанија кога ќе почне да ги исплаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Еве, Ве слушаат.

Има збор г-дин Зибери, потпретседател во Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

право е на пратеникот да бара усмен одговор, но право е и деловнички на Владата на одредени прашања да одговори писмено.

Со оглед ан тоа што ни министерот за финансии, ни заменикот на министер за финансии не е тука, претставникот на Владата моли договорите на прашањата што се однесуваат на таа област да бидат дадени во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-динот Шаќир.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, акцијата на МВР во врска со киднапирањето на одреден број граѓани од албанска националност без

никакво образложение после Гостиварските настани поприми карактер на една чиста политичка хајка што ме потсетува на времето од 1945 до 50- тите години.

Имено, на 19.о9.1997 година околу 15,00 часот, Назми Беќири од село Черкезе - Кумановски е киднапиран од страна на полицијата по симнување од автобусот од Куманово за Черкези, за што до вчера неговото семејство нема добиено никаков одговор од Управата за внатрешни работи во Куманово.

Првото прашање до МВР, зошто не е објаснет случајот на семејството Беќири од страна на УВ Р -Куманово.

Вторитопрашање до Министерството аз правда колку е уставно и законски оправдана акцијата на МВР во врска со ваквите делувања?

Последното прашање до Министерството аз правда, до каде Министерството за правда стигнал со поделбата на недвижен и движен имот на новоформираните општини и старите општини.

Имено, обработеното земјиште, катастарската општина село Матејче и с. Отља кое земјиште денеска го користи Тутунскиот комбинат во Куманово уште не е решен статусот на ова земјиште. Дали Министерството предвидува во наредниот период овој проблем да го реши особено во општина Липково, бидејќи постои една ваква земјоделска задруга во општина Липково која може исто така да стопанисува со оваа површина на обработливо земјиште.

Одговор за сите прашања во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

IX/9.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ.**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Во средствата за информирање во јуни беа објавени информации за наводно груби злоупотреби при уписот на студенти на факултетите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Во некои од списанијата беа објавени копии од конечни листи за упис на Филолошкиот факултет "Блаже Коневски" и на Економскиот факултет во Скопје.

Го прашувам министерот за образование и физичка култура да одговори на следните прашања:

Дали имало злоупотреби при уписот на факултетите со наменско менување на националната припадност на кандидатите студенти Македонци со цел полесно да дојдат до индекс на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј".

Второ, дали е точно дека на списокот на примените студенти по тој основ, како припадничка на ромската припадност е примена г-ѓица Трајановска Петре Билјана, ќерка на пратеникот на СДСМ Трајановски Петре.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ***:* (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

На дел од Универзитетот Св. Кирил и Методиј, како што се филолошкиот економскиот, не знам како беше состојбата на правниот беше навистина многу тешко да се дојде до индекс иако дел од студентите освоија од 97,5 до 100 индексни поени. На пример на економскиот факултет 320 студенти се примени со над 97,5 поени додека останатите 175 со индексни поени од 93,5 до 97,5 се примени со надомест на семестар по 2000 германски марки. За разлика од нив еден добар дел студенти се примени со многу помал број индексни поени, дури и до 63 - 64 благодарение на Законот за насочено образование кој со позитивната дискриминација што ја овозможува упис на студенти со квоти ако се припадници на националните малцинства или на националностите, како што се третираат кај нас во Уставот.

Користејќи ја таа привилегија, односно злоупотребувајќи ја намерно со својата национална припадност еден дел Македонци наменски ја имаат променето својата национална припадност во роми, албанци, турци и останато, само колку да може без партиципација да се запишат на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Молам доколку може во усмена, меѓутоа не гледам ни еден претставник од Министерството, може во писмена форма да ми се одговори на ова прашање.

Второ, го прашувам министерот за внатрешни работи кој надлежен раководител и од кои причини од управата за внатрешни работи и дирекцијата за безбедност и контра разузнавање

задолжени за стопански престапи и криминал ја стопирал постапката за донесување прекршочни или кривични пријави за незаконитите постапки или дејанија во Центарот за социјални работи во Скопје.

Го имам следното образложение.

Надлежните органи на министерството за внатрешни работи, се разбира тие што се во оператива во изминатиот период според изјави на вработените во Центарот и според средствата за јавно информирање имале интензивни активности за утврдување на ^неправилностите при издавањето на решение за еднократна материјална помош и изградбата на новиот објект на Центарот за социјални работи во Скопје.

При тие активности во Министерството за внатрешни работи реализирани се разговори со најголемиот дел од вработените во Центарот, волонтерите кои биле ангажирани и корисниците на социјална помош. Анализирани се околу 9800 решенија кои се издадени преку овој центар, а се претпоставува дека штетата што е направена изнесува околу 1,5 милион германски марки.

Притоа, дава на еднократна материјална помош на име и на умрени лица.

Два, издавани се решенија за еднократна социјална помош о поголем износ од дозволениот.

Три, издавани се по неколку решенија во еден ден на исто лице, што е во спротивно со Законот.

Дел од овие работи веќе ги признаа во изјавите за средствата за информирање директорката на Центарот дека тоа е правено за да може со тие средства да се исплатат дел од лицата кои биле

ангажирани како волонтери во активностите на Центарот за социјални грижи.

Иако министерот за труд и социјална политика и потпретседател на Влада г-динот Насер Зибери во март месец со писмо барал од Министерот за внатрешни работи да се престане со работа истата продолжила, но сеуште без конкретни резултати.

Значи, да резимирам.

Барам одговор кој и зошто барал да се прекине со постапката и зошто не е е таа активност на Министерството за внатрешни работи завршена, како што велат на неколку кривични пријави до Јавното обвинителство во Скопје, кој сеуште чекаат во нечија фиока во Министерството за внатрешни работи.

И да се даде одговор што е со злоупотребите на средствата. Дали се користени тие за полнење на нечии приватни џебови или се користени за водење на партиски кампањи, поради што се штитат одредени моќници и целата операција не завршува со поднесување на кривични пријави.

Третото прашање е до министрите за земјоделство, шумарство и водостопанство и здравство што преземаат односно што ќе преземат за санирање на последиците од, јас би ја нарекол епидемијата, иако званично не е прогласена, што го зафати селото Мартовци, во општина Извор Велешко, од бруцелоза од која беа зафатени најголем дел од добитокот, пред се овците, меѓутоа, и повеќе од 50% од населението во тоа село. ХАСАН ЈАШАРИ, заменик министер за образование

Првото прашање што се однесува до Министерството за образование со оглед на фактот дека има доста набројување,

X/4.-

поединечни имиња и презимиња, и бројки подобро 6и било да одговориме на писмено.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Појавата на бруцелоза не е само во селото кое што беше споменато туку во поголем дел на државата. Работиме секој одделно како резори заради карактерот на болеста. Здравство го врши својот дел на активностите, ние како министерство го вршиме својот дел.

Деновиве отпочнува еден нов метод на чистењето на оваа болест со тоа што досега беше методот се уништуваа само позитивните грла и после се правеше ревакцинација итн., стално уништување на се што ќе се јави позитивно. Овој пат пристапивме кон тоа, штом се појави во едно стадо болни грла се ништи целото стадо односно позитивните се уништуваат во земја, тие што се живи се колат и ќе се извезуваат за да уштедиме средства, не можеме да стигнеме со пари за да сето тоа го правиме.

Подготвуваме за 1998 година комплексна програма бидејќи навистина проблемот е сериозен. Мерките што ги преземаме не можеме сами да ги спроведуваме бидејќи граѓаните сеуште не ја сватиле тежината на овој проблем и не ги применуваат мерките што стално ги кажуваме. Оттаму, ќе излеземе пред Владата со посебна програма за делот за сузбивање на оваа болест, за која што кажав доста е комплексна и бара пошироки ангажирања не само од власта, туку и од граѓаните, би рекол пред се од нив.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ќе дадам само едно објаснување не во делот на прашањето кое беше упатено до Министерството за внатрешни работи, туку во делот на искривување на вистината од причини што г-динот

Коцевски често пати се бави со дел од оваа проблематика искажувајќи вистина или полувистина.

Апсолутно нема такво писмо какво што спомнува г-динот Аце Коцевски. Точно е само тоа дека има писмо во кое се објаснува постапката за стручниот надзор согласно законот за социјална заштита.

Сега јавно ја користам приликата да се обратам до г-динот Коцевски да најде такво писмо во кое јас наредувам односно барам да се стопира постапката. Во спротивно како граѓанин ќе го користам правото пред надлежен орган односно надлежен суд да го тужам за клевета г-динот Аце Коцевски...

(Реагирање на пратениците од место - немаш право)

Секако имам право, инаку што се однесува до издадените решенија со повисоки силни итн., токму г-динот Аце Коцевски пред месец дена се обрати до Министерството и лично беше каде што побара да се доделил повисока еднократна парична сума за изгорена куќа.

**ГАЈТАНОВСКИ:**

Не ми е познато дека некој функционер од Министерството за внатрешни работи наредил да се стопира истрагата во Центарот за социјални работи и во тоа не сакам и да верувам дека некој би се осудил за таква работа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Бидејќи изнесе констатации г-динот Насер Зибери да одговорам.

Ќе ми биде драго доколку по овој пример се покаже дека во Македонија навистина функционира правната држава и дека ниеден човек, моќник, без разлика каква функција носи во Република

Македонија нема да биде заштитен и ќе одговара според законите на оваа држава доколку направил одредени престапи или злоупотреби на законските прописи во нашата држава.

Што се однесува, фактите Зборуваат дека 9800 решенија долго време беа на анализирање во Министерството за внатрешни работи. Дека сето тоа е добро подготвено, меѓутоа дека некои повисоки инстанци не дозволуваат сето тоа да дојде до Јавното обвинителство. Се разбира вие ќе го тврдите спротивното, меѓутоа кој сето тоа ќе го докаже во оваа ситуација.

Што се однесува до тоа што го кажа г-динот Зибери точно е тоа дека јас во обид да му помогнам на еден граѓанин на кого во шумски пожар му изгоре до темел куќата, кој остана само со облеката која ја носеше на себе, а поради тоа што оваа држава нема законски пропис според кој треба да им се помогне на таквите случаи во име на тој граѓанин се обратив во Министерството. Притоа јас воопшто не барав на тој човек да му се исплати некаква помош која не му следува според законските прописи. Едноставно упатив барања според кое барање замолив државата преку надлежниот орган, а во случајот тоа е Министерството за труд и социјална политика да му помогне на тој граѓанин.

Колку што сум информиран преку подрачната единица односно Центарот за социјални грижи во Велес тоа е направено, меѓутоа, не на таков начин како што вие сте го правеле во Скопје, со давање на такви решенија против законот, туку на некој начин кој овозможува да биде во склоп на позитивните законски прописи. Не гледам ништо лошо во тоа.

Проблем е ако има злоупотреби кога се дава социјална помош на име на умрени лица, на лица со некои потврди дека им изгорела

X/7.-

шупа или плевна, со потврда од месната заедница во Арачиново, Сарај, или на други места, или по пет такви решенија кои се издават во еден ден.

Тоа е така г-дине министре.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да. Токму така е, и на г-динот кој ми се обрати а вие како негов претставник му помогнавме, но на ист начин за кој вие досега зборувавте. Тоа го тврдам и можам да ги докажам.

Прво, не е точно, апсолутно не е точно дека врз основа на фалсификувани потврди на изгорени шупи се дадена еднократна помош, уште помалку на умрени лица. Напротив, секое решение, за секое решение се состанува социјална анамнеза која ја составува социјален работник, а базирана врз основа на записник поднесен од подрачната единица на Министерството за внатрешни работи. За секое такво решение постои досие.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се разбира секој има своја верзија за вистината, јас немам намера да се надмудрувам тука со министерот за труд и социјална политика, едноставно кога ќе го добиеме одговорот на пратеничкото прашање или доколку го чекаме многу долго, бидејќи се случува на моите пратенички прашања да немам по две години одговори тоа ќе го искористиме јас, или заедно со останатите пратеници од пратеничката група правото да побараме Владата на Република Македонија за ова прашање да подготви комплетна информација во која ќе бидат содржани сите аспекти и од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за труд и социјална политика и од Центарот, во чии надлежности е социјалната

проблематика во Скопје, па ќе разговараме со факти и аргументи.

Моите сознанија преку изворите што јас ги имам зборуваат затоа што јас го зборувам. Се разбира вие имате своја верзија, мотивирани сте некои работи да ги прикажувате поинаку од што се, затоа што сте и лично инволвирани во сето тоа. Затоа велам најубаво е ако треба ќе разговараме и по информација која ќе биде претходно подготвена од вашето министерство и Министерството за внатрешни работи.

(Насер Зибери од место - Министерството друга информација нема од ова што јас сега го кажав овде).

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Две кратки прашања за малку поинтересни теми.

Првото прашање е до Министерството за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина.

Што планира Владата да чини во врска со заштитата на реката Радика од загадување.

Образложение мислам дека не е потребно, бидејќи доволно е само да се дојде до браната на акумулационото езеро Маврово, па да се види.

Второ прашање. Патувам јас, патувате вие, патуваат и други на релацијата Маврово Дебар односно Маврово апбанска граница и релацијата Струга Дебар Албанска граница. Станува збор за деловите Жировница Албанска граница и Глобочица Албанска граница дали планира Владата тие да постанат патишта, бидејќи се меѓународни патишта да бидат со шест метри ширина.

X/9.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговорот ќе биде даден во писмена форма.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Дами и господа три кратки прашања.

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски.

На неколку наврати пратениците од Струмица и Радовиш го поставуваат проблемот што е со регионалниот пат Штип -Струмица. Моментално се реновира во околината на Радовиш и е, изгледа, предконзервација. Дали ќе се конзервира, дали ќе се продолжи со работа на истиот и до колку не се продолжи спојката на патот Радовиш према Штип редно е да се направи, бидејќи досега има три-четири удеси без жртва а може би ќе има и жртви понатаму.

Може и усмен одговор.

Строго писмен одговор барам од Министерството за образование, во вид на информација да ми се одговори на двата универзитета Св. Кирил и Методиј и Климент Охридски на секој факултет во текот на 1995, 1996 и 1997 година колку студенти се запишале со самофинансирање т.е. со партиципација, која сума е поединечно за секој факултет самофинансирање односно партиципација и по кој акт е истото. Тоа го барам исклучиво во писмена форма бидејќи за бројките треба да се праша.

Третото прашање ми е до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Г-дине министре повеќе време го лажеме народот односно луѓето во неразвиените подрачја руралните подрачја - до каде е со кредитот за руралните подрачја односно за источна и јужна Македонија.

Можете и усмено да ми дадете одговор.

X/10,-

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Проектот за рурален развој е- со инакво име, ИФАТ околу 7 милиони долари средства одобрени, неодобрени. На 5 септември дури стана е ефективен. Тој е наменет, за планински подрачја во Македонија кои што се со изразит степен на миграција и напуштени села. Во тие спаѓаат и селата што ги спомна пратеникот.

Проектот е во разработка кај нас заради негова операционализација за кои намени ќе ги даваме кредитите и на кои рокови ќе бидат, така да незнам кој ветил дека ќе биде брзо. Јас кажувам дека од 5 до сега на тоа работиме и во текот на месец ноември ќе оствариме активности директно на теренот за да ги соопштиме прво критериумите, за да видат нашите земјоделци дали ќе има интерес за такви кредити, бидејќи станува збор навидум за поволни кредити, меѓутоа, кога ќе дојде во пракса да се реализира ќе имаме тешкотии. Јас сум оптимист, па мислам дека тој кредит многу ќе значи, меѓутоа, сум песимист во тоа кога ќе дојдеме да го реализираме ќе треба голем напор со населението бидејќи таму се претежно стари луѓе тоа да го реализираме. Меѓутоа во секој случај за почеток на 1998 година, може би и порано ќе почне сигурно да биде користен овој кредит во пракса.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На другите прашања одговор ќе добиете во писмена форма.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе,почитувани пратеници, господа од Владата.

На 64-та седница во месец април оваа година 1997 година, значи скоро пред половина година го поставив следното прашање: кои фирми и увозници на стоки кои подлегнуваат на обврска за плаќање на акцизи за нафта, кафе, алкохол и други, а не платиле акцизи за период од цела 1996 година и првото тромесечие од 1997 година. Притоа барам и поединечен список на секоја фирма со посебен износ за кој не е платена акциза за овие стоки.

Во последно време се мисли пред 6 месеци, го читам прашањето во јавноста се повеќе се говори дека некои фирми не плаќаат акцизи а знаеме дека акцизите се главната ставка во буџетот на РМ, а од Буџетот се плакат сите други, се исплаќаат пензии и се други што е врзано со буџетските корисници. На медиумите исто така се пласираше веста и беше кажано дека минатата година односно 1996 година Окта не платила приближно околу 9.милиони долари на име акцизи и за увоз на нафта. Досега значи скоро по измината половина година Владата сеуште не одговори на ова прашање што само по себе наметнува две констатации. Првата констатација дека во Министерството за финансии постои општ хаос и дека немаат никаква документација за оние кои треба да ја платат оваа давачка према Буџетот, односно спрема државата. Вториот заклучок, односно моја констатација може да биде единствено и веројатно и на сите вас дека Владата ги има тие податоци, односно Министерството аз финансии ги има, но не сака да ги објави бидејќи сака да заштити одредени фирми, или поединци. Ова прашање го прочитав со

намера уште еднаш да го поставам и го поставувам. Барам одговор на ова прашање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговорот ќе се достави во писмена форма.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас од практична смисла сакам да поставам неколку прашања. Првото прашање до Министерството за внатрешни работи, тука е заменикот министер. Дали има можност во МВР Куманово да се постават раководните структури? До ден денеска тоа се заменици итн. Мислам на едно вакво осетливо министерство, подрачно Министерство треба да се постават лица кои треба да си ја обавуваат работата и да знаат дека се поставени. Јас лично сум убеден дека во тоа Министерство има извонредно квалитетни кадри и денеска кои се поставени, меѓутоа со нивното официјално назначување мислам дека ќе имаме и покомпетентна работа на тоа Министерство и да не кажам поодговорно. Куманово е подрачје многу осетливо и тука треба Министерството да побрза. Ако има некоја политичка позадина треба да се расчисти бидејќи овде во внатрешни не треба голема политика, меѓутоа треба акција. Во таа смисла молам за одговор, дали Министерството за внатрешни работи во најскоро време ќе ги постави овие раководни кадри во МВР Куманово. Тоа е едно прашање.

До г-динот Вчков, заменик министер до Министерството за развој поставувам едно практично прашање. Во моето изборно место има голем број на неразвиени селски населби, подрачја во кои е нарушена инфраструктурата и да не кажам за овие 50 години ништо не се направило. Меѓутоа за жал и јас како пратеник во претходниот период можеби од невнимание не успеав да ги сместам во Законот за неразвиени, односно за недоволно развиени.

XI/3.-

Сега поставувам прашање дали има можност Министерството за развој заедно со Агенцијата да направи увид на овие населени меса кои јас кќ ги посочам со единствена цел да помогнеме ако е можно да влезат во овој Закон . Се работи за две селски населени места во локална самоуправа Куманово тоа е село Брзак, тоа е едното населено место и село Вакв. Тоа се две подрачја кои се со страшно нарушена инфраструктура и во локална самоуправа с. Клечовце, тоа се четири населени места Градиште, Довезенце, Облаце и Косматане и локалната самоуправа с. Орашец односно Орашец како локална самоуправа село Новосењане. Тоа се 7 населени места кои се крајно рамни на она што значи пред 50 години. Ве молам ако е можно тоа да го исправиме и јас како пратеник да покренам иницијатива во таа насока.

Се работи за Министерството за здравство, мислам дека сведоци сме денеска на еден парадокс во Државата да човекот кој треба да има најголема гаранција за неговото здравје, меѓутоа тој не е во можност тоа да го прими. Значи лекарствата во рамките барем за општина Куманово зборувам, немам големи податоци и информации за другите дека државните аптеки се не празни, туку ептен празни. И лично сметам дека овие аптеки во оваа ситуација не си ја извршуваат главната функција во однос на набавка на лекарства, а нашите граѓани посебно социјалната категорија е доведена во позиција да оди во приватни аптеки и ако ви кажам дека цената на секој лек и на другите, да не зборувам сега за еден срчан болесник, вие сте тука стручњак и за другите треба да плати 2.000 денари, а прима социјална помош од 1.900 денари. Каква е логиката на заштитата на овој наш граѓанин. Денеска носам овде треба да набавам еден лек во Скопје заради тоа што го нема во Куманово, а можеби го нема и во Скопје. Меѓутоа се работи за шизофренија, се работи за срцеви болесници, склеротични случаи, да се храни мозокот и тн.,

XI/4.-

зборувам од аспект на потребата. И лично апелирам до министерот имам индиции, информации не мора тие да бидат точни дека за час државните аптеки се испразнат во приватните и како да постои некој субјективизам во однос на материјалната корист. Како тоа се изведува не знам, важно државните аптеки немаат такви лекарства кои треба да ги обезбедат граѓаните. Ве молам за одговор дали има можност да се надмине еден ваков сериозен проблем кој е многу штетен за сите граѓани во РМ, а верувам дека се наоѓа и на други подрачја.

Трето прашање сакам да го поставам до министерот за финансии односно до министерот за стопанство. Искрено кажано ние сите овде пратеници доста вршиме реклама на теренот каде што се наоѓаме и честопати во контакт со странките ги упатуваме во една институција, во друга итн. и молиме за одредена помош. Нашите граѓани сега кои се корисници на сите социјални права гледано од аспект на технолошкиот вишок на стечајците, корисници на СЗН по основ на Законот за социјална заштита итн. не се во можност да ги плакат јавните давачки. Јавните давачки не прават никаква разлика, ние не донесовме ниеден закон за некаква компензација, или партиципација на државата во овој дел. Лично сметам бидејќи најдиректно работам, дури многупати го малтретирам и нашето Министерство за труд и социјална политика, верувајте не сме во можност ова да го надминеме како проблем заради тоа што социјалните примања се испод она ниво што имаат обврска спрема јавни давачки гледано од аспект на струја, вода и се она се плаќа. Наидува зима, јас се прашувам како тие наши граѓани ќе дојдат во позиција да ги помируваат тие обврски кога се работи за електрична енергија да ви кажам полесно е да користи електрична енергија, ако треба и со некоја скршена греалица заради тоа што не може да купи дрва.

XI/5.-

И во таа смисла мислам дека има потреба од една интервенција на државата, дали тоа сега ресорните три министерства треба да се спојат и да најдат некоја идеја до некое ниво што треба да се толерира за одредена категорија на граѓани, а државата да компензира тоа е друго прашање, бидејќи јас не сум во тие министерства така да размислувам освен да упатам, да прашам дали Министерството за стопанство размислува за дел на граѓаните што ги спомнав може во извесна смисла да ги субвенционира во смисла да помогне да можат да ги надминат овие животни потешкотии. Лично сметам дека во средините нема милост од овие државни, односно јавни институции. И покрај тоа што имаат најголеми лични доходи во државата. Тоа се покажа со она пратеничко прашање што го поставив дека се движат личните доходи односно платите на функционерите од да не кажам 10 до 50 илјади денари. Да не кажам нашиот министер прима 21.000 денари онаа стапка да речеме 3,7, еден пратеник 3,5. Тука не навлегувам во тој дел., меѓутоа добро е сега да осмислиме да го сочуваме нашиот граѓанин во ова време бидејќи немаме никакви шанси на друг начин освен тој да пати.

Како Министерството за стопанство и Министерството за финансии ќе надминат еден ваков проблем и дали има можност да се субвенционира односно а се компензира за оваа категорија граѓани до ниво мислам ако изгорел 100 кв. до тие 100кв. да не плати, а после 100 кв. да речеме да плака извесна сума која треба. Јас тука не треба да размислувам, мислам за тоа треба да размислува Министерството.

Четврто прашање, мислам дека за мене доста актуелно се работи за динамиката на социјалните давања. Прашањето е упатено до министерот за труд и социјална политика. И покрај тоа тие давања што се и за технолошки вишок и за стечајните работници и за оние  што

користат во рамките на социјална програма и Законот за социјална згаштите. Евидентно е дека последната исплата завчера во Тетово и во Скопје беше исплатена за месец јуни. Прашувам и покрај тоа што е минимална таа помош и ако задоцни вака како што задоцнува, тогаш дали го заштитуваме граѓанинот, или го доведуваме во една голема за луда. Дали динамиката на исплаќањата г-дине министре ќе се подобри или ќе остане оваа динамика како што е. Сега исплаќаме за месец јуни. Значи не сме исплатиле за јули, август еве и септември помина Сега е грејната сезона итн. и ако тоа навреме не го исплатиме мисла дека се доведуваме во една многу лоша ситуација.

И само да искористам прилика сите пратеници индиректно бидејќи сум и директор на Центарот за социјална работа многу реклам прават со социјалните случаи да ги праќаат од центрите итн. Оној кој не работи сега во Центарот мислам дека не може да ја почувствува таа потешкотија во однос на напливот и потребите на граѓаните. И во таа смисла и да си директорот и да си социјален работник и да си педагог, не одам за она нелегалното ако имаат, тоа е веќе сосема друга постапка, меѓутоа потребите на граѓаните се многу евидентни и ние мораме брзо да реагираме и тука нема милост, нема закон.

Дали министерот за труд и социјална политика има можност да воведе бенефициран стаж на работниците кои работат во центрите за социјална работа. Тоа е прашањето.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

Јас би сакал да одговорам на второто прашање на пратеникот Арсовски што се однесува до снабденоста на аптеките со лекови. Можам да кажам дека еден од приоритетните проблеми со самото мое доаѓање

на оваа функција е снабдувањето со лекови. Верувајте најповеќе време трошам, можам да кажам дека дуплирани се средствата што се даваат за лекови. Точно е она што викате вие дека има празни рафтови, но ако погледате од другата страна има преполни со некои лекови што не ги употребуваат. Што значи дали веледрогериите или распределбата е нерационална. Јас секојдневно вложувам напори тоа да го исправам, верувајте ми додека не се добие комплетна компјутеризираност на маса јас да можам да проверам која аптека што трбовала, што добила и што нема ќе правам напори некако тоа да го разрешиме. Верувајте јас лично отидов во Болницата Бардовци, бидејќи спомнавте нема лекови за болест шизофренија. Навистина при требувањето од некои бирократски работи се прават веројатно намерно пропусти. Имено, болницата Бардовци е установа што треба најповеќе тие лекови ги троши и најповеќе траба да ги има. Имаше во залиха некои лекови што воопшто не ги троши. Што значи не постои една динамична рационална распределеност. Тука има повеќе фактори. Јас упорно работам на тоа и како што претходно одговарав на Тантаровски дека со новата регулатива мислам со новите измени на Законот за здравство ќе направиме во голем процент тоа да се разреши. Имено не би сакал многу да должам, ќе спроведеме маркирани лекови, она што се направи со цигарите и мислам дека ќе имаме поголема прегледност каде одат, што одат и како се распределуваат тие лекови. Мислам дека таа нерационална распределба да ја направиме по рационална да истите средства рационално се користат. Мислам дека во иднина ќе успееме во тоа.

**НАСЕР ЗБИЕРИ:**

Јас можев да идентификувам две прашања упатени до Министерството за труд и социјална политика по однос на редовноста на исплатата на социјалните помошти и по однос на покренатото прашање за можно воведување на бенефициран стаж за социјалните работници.

XI/8.-

Бенефициран стаж според постојните критериуми веројатно за оваа категорија на граѓани кои се занимаваат со оваа дејност нема да можеме да прифатиме но чувствувам за потреба да истакнам дека секој кој што зборува во име на оваа категорија на граѓани за евентуалните пропусти како што беше примерот претходно од еден пратеник. Сметам дека со големо чувство на одговорност треба човек да разговара од причина што навистина ова категорија на граѓани се најистурена позиција кои имаат многу деликатна работа со категорија на граѓани кои имаат потреба од социјална помош. Неслучајно г-динот Бранко Арсовски има и во текот на своето работење би рекол горко искуство каде што одредена категорија на граѓани која има голема потреба од социјална помош, а центрите не секогаш и финансиски не секогаш се во можност да помагаат, дури настануваат и физички пресметки и сукоби со работниците во центрите, раководителите, директорите итн. и ода таа причина неретко имаме барања за воведува на контрола, односно лица кои ќе го одржуваат редот во центрите за социјална работа. Уште еднаш повторувам во оваа прилика со голема одговорност треба пратеник да се осуди кога разговара за девијации без потврди на социјалните работници во центрите за социјална работа

XII/1 сп/вс

**НАСЕР ЗИБЕРИ (**продолжение)

Што се однесува до редовноста на исплатата на социјалната помош, пратеникот Бранко Арсовски многу добро знае дека во Министерството за труд и социјална политика е направен распоред на динамика на исплаќање со тоа што приоритет им дава на категорија на граѓани кои се најзагрозени и тоа прво се исплатува постојаната парична помош, туѓата нега, цивилната инвалиднина, социјалната помош и на крај еднократната помош. Со една напомена дека заради проблемите во буџетот и приливот на средства во буџетот подолго време не сме исплатиле еднократна парична помош што дополнително ги заострува односите и состојбите по центрите за социјална помош поготово во месец септември кога почнуваат активностите по училиштата, ни следи зимата, па затоа добронамерно го сфаќам укажувањето Министерството да издејствува до Владата да се даде приоритет при подмирување на обврските од страна на Министерството за финансии односно буџетот да не доцниме иако, како што рече пратеникот за одредени категории доцниме два, односно три односно четири месеци. Всушност, тоа ни е обврска пред Меѓународниот монетарен фонд и пред Светската банка алиментациите за социјалната помош да ги помируваме редовно месец за месец. Се надевам дека ќе успееме да ја подобриме ситуацијата поготово во делот на помоштите за кој ги спомнав и за кои доцниме повеќе.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Петрушевски, заменик министерот за стопанство.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Сакам да му одговорам на г-динот Арсовски на прашањето дали Министерството за стопанство размислува заедно со Министерството за финансии да воведе одредена нова категорија социјални давања. Одговорот е секако не затоа што сите социјални давања се проектирани во Министерството за стопанство, а се алиментираат од Републичкиот буџет.

XII/2

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Гајтановски.

**ГАЈТАНОВСКИ:**

Точно е дека во Управата за внатрешни работи во Куманово од различни причини, во еден случај и заради смрт на раководно лице, на одредени раководни места во Управата оваа функција ја вршат нивните заменици односно в.д. (вршители на должност).

Поставувањето и разрешувањето на раководните работници во Управите за внатрешни работи на Републиката е во надлежност на министерот. Кога тој ќе го направи тоа, тоа е прашање на негова оценка, би коментирал само уште едно прашање во однос на тоа дали овде има политика. Убеден сум дека нема политика, туку се работи за избор на квалитетно, стручно односно обезбедување на професионално, стручно и квалитетно вршење на овие функции.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали сте задоволен од одговорите г-дине Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Од сите одговори сум задоволен, меѓутоа, од заменикот министер за стопанство сум делумно, добив не добар одговор. Лично сметам дека кога велиме не, меѓутоа, се прашувам со друго прашање, кога ќе му ја исечеме струјата на граѓанинот дали велиме дека квалитетно живее? Јас велам не. Ако му ја исечеме водата, јас велам не. Ако му ја прекинеме телевизијата велам дека нема културно издигнување итн. Сепак не може министерството за труд и социјална политика тоа да го прифати ако другите министерства не партиципираат со материјални средства. Во тој дел лично сум убеден дека мора да се направат напори дури ако

треба и препорака овие јавни институции да не го прават тоа што не е хумано. Ако човекот навистина нема пари нека води судска постапка, но да му исечат струја, вода, ве молам тоа е надвор од сите светски и човечки норми.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашање ќе постави г-динот Стојановски, но пратеникот не е тука.

Има збор г-динот Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници толку колку што се, но фалат од прилика околу 100 во салата што значи не има само 10-12 и неколку министри и нешто заменици министри. Меѓутоа, што е тоа е, вината си ја сносиме сите и оние од пратениците што настојувавме да имаме пратенички прашања еве чекавме три месеци и повеќе, а згора на тоа што чест ни направија многу малку министри да ни дојдат да не сослушаат, да ги слушнат нашите проблеми и прашања, меѓутоа, еве тоа е и за нас и за нашата чест и за нашите почитувани граѓани на Република Македонија.

Јас би поставил ни повеќе ни помалку пет прашања.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За неколку дена ќе започне сеидбата на пченица, а истовремено ќе отпочне и жетвата на оризот. Земјоделците се еднакво загрижени и оние што треба да сеат и оние што треба да жнеат. Загриженоста на земјоделците произлегува од дилемите дали ќе успеат на време да купат репроматеријали, квалитетно сортно семе, вештачки ѓубрива, заштитни средства, резервни делови за комбајните при жетвата, нафтени деривати и др.

Прашањето гласи дали има можност Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изготви информација за состојбите во земјоделството и начинот на кои ќе бидат решавани

проблемите околу  сеидбата на пченицата и жетвата на оризот со посебен осврт околу обезбедувањето на квалитетни сорти семиња пченица како и проблемите околу жетвата на оризот. Ценам дека околу 20 до 30% од посеаните површини под ориз ќе останат зелени, оризот нема да созрее што е резултат на пролонгираниот рок на сеидба што не е по вина на оризопроизводителите. Дел од земјоделците што веќе инвестирале во производството не ќе го ожнеат не по нивна вина но по навистина долгиот рок на сеидбата што требаше да заврши некаде до 15 јуни, таа заврши до почетокот на јули, па покрај ова прашање би дал дали не е за размислување Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира, покрај другото, една стручна комисија да ја испита можноста и причините до кои дојде одложувањето на нормапниот рок на сеидбата, бидејќи штетата што сега ќе се почувствува во есента ќе биде голема како за производителите на ориз така и за Државата. Тие ќе треба да го платат водниот надомест, инвестирале во производството на ориз, но сепак нема да го ожнеат.

Второто прашање е до Министерстовто за финансии. Првиот пат прашањето за увоз на ориз го поставив до екс министерот за стопанство г- динот Жута ми одговори дека нема дадено дозвола за увоз на ориз во Република Македонија. Подоцна утврдив дека сепак согласност е дадена и вториот пат прашањето го поставив на 64-тата седница на Собранието до Царинската управа - Скопје, а преку Министерството за финансии. Одговор се уште немам добиено освем едно писмо со кое располагам упатено од Царинската управа - Скопје, заведено под бр. 1834 од 2 јуни 1997 година до Министерството за финансии со предмет податоци за увоз на ориз во 1996 година. Во писмото стои извршен увоз а не продаден односно не квалитетен ориз кој претходно бил извезен од Република Македонија и тоа од фирмата "Слога" 69 тони, а другите количини се од фирмите "Прогрес" и "Борјана". Исто така во 1996 година привремено биле увезени 930 тони ориз од фирмата "Македонија табак" за доработка. Царина, прелевман и данок не се платени за привремениот увоз на бел ориз. "Македонија - табак" која го има монополското владеење на тутунот еве привремено увезува ориз и буквално ги уништи оризопроизводителите од општините Виница, Кочани, Зрновци, Облешево, Штип итн.

XII/5

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Каров поставете го прашањето.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Па еве сега привремено е увезен бел ориз без да биде прегледан на граничниот премин од страна на овластени инспектори фитопатолози што е задолжителен преглед за сите растенија и растителни производи. Бидејќи прегледот се плаќа со тоа е оштетена касата на Министерството за земјоделство. Имам информација дека дел од овој ориз се продаваше на Кванташкиот пазар во Скопје па и низ Републиката под име Кочански ориз. Голем дел од оризот е расходуван на име на губитоци на доработка. Бидејќи до сега не добив одговор сега ги поставувам следните прашања и барам одговор во форма на информација и тоа:

1. Каде е извршена доработката на белиот ориз и за каков вид на доработка станува збор, бидејќи е увезен бел ориз за мене не е јасно каква доработка на белиот ориз е вршена.

2. Колку е извезен бел ориз од увезените 930 тони?

3. Зошто при увозот не е извршен задолжителен фитопатолошки преглед па и санитарен преглед.

4. Колку е оштетена државата за оној дел продаден ориз на домашниот пазар на име не платена царина, прелевман и данок.

5. Дали "Македонија - табак" како фирма која нема доработувачки капацитети за ориз можела да добие согласност за привремен увоз на ориз за доработка.

На крајот да заклучам ова што се случи со увозот на ориз во Република Македонија ми личи на голема ујдурма, организиран криминал за кој длабоко верувам дека Владата и ресорните министри што сега се во Владата не се запознаени со овие аномалии, па еве сега е прилика да се расветли целиот случај, а евентуално оние што го прекршиле законот да сносат соодветна одговорност.

Трето прашање до Министерството за образование и физичка култура.

Во Кочани живеат над 1500 жители кои на последниот попис се изјасниле како нови и над 500 граѓани се изјасниле како Турци. Но со жалење може да се констатира дека во основните училишта во Кочани нема ниту една паралелка каде што можат заинтересираните ученици барем со неколку часа неделно да го изучуваат својот мајчин јазик односно ромскиот и турскиот.

Прашувам дали има можност Министерството за образование и физичка култура уште оваа година да отвори по една паралелка за изучување на ромскиот и турскиот јазик во општината Кочани на сите ученици што ќе сакаат да си го изужуваат својот мајчин јазик, па макар на факултативна основа.

Повеќе пати многу млади па и возрасни граѓани од Кочани ни го искажуваат своето незадоволство од нерешавањето на нивниот статус во сверата на образовниот процес. Турците и ромите од Кочани со право бараат да ги имаат истите права и можности како и другите националности што живеат во Република Македонија. Убеден сум дека на учениците од ромска и турска националност ќе мора да им се помогне и да им се овозможат услови и во општината Кочани да го изучуваат својот мајчин јазик.

Четврто прашање до Министерството за стопанство.

При увозно и извозно царинење на царинските терминали во Република Македонија превозниците плаќаат околу 40 до 50 ДМ во денарска противвредност по едно возило независно која шпедиција ги прима царинските документи и независно од местото и локацијата на канцеларијата на дотичната шпедиција.

Прашувам зошто и врз основ ана кој пропис само царинскиот терминал "Гранит" од Делчево покрај сите други такси наплаќа дополнително уште по 50 ДМ за секое возило, комбе или камион ако шпедитерот што го врши царинењето нема своја канцеларија на царинскиот терминал во Делчево. Мислам дека инспекцијата во Делчево затајува. Колку мене ми е познато таква дополнителна такса од 50 ДМ не се плаќа на ниту еден друг царински терминал во Република Македонија поготово ако канцелариите на шпедициите се наоѓаат надвор од кругот на царинскиот терминал.

Петтото прашање го упатувам до Министерството за одбрана.

Големиот број на објекти во државна сопственост односно сопственост на Министерството за одбрана се во фаза на распаѓање, а слична е и состојбата со повеќе воени објекти на Пониква кај Кочани, Голак кај Делчево и многу други.

Прашувам, Министерството за одбрана дали знае за ваквата состојба за објектите и што планира Министерството да преземе да ги заштити овие објекти на Пониква кај Кочани и на Голак кај Делчево од понатамошно распраќање. Сегашната состојба на овие објекти е крајно загрижувачка, кровната конструкција е пропадната некаде целосно некаде делумно, прозорци и врати истурени, искршени, а дел и украдени.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговор ќе даде министерот за земјоделие г-динот Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

На првото прашање како пакет беше поставено есенската сеидба, проблемите на откупот на пченицата, жетвата односно сеидбата, недостигот на репроматеријали и сл. вторoт за оризот, можам да соопштам дека овие материјали Владата ги гледаше, упатени се до Комисијата за земјоделство во која мислам дека и пратеникот што го постави прашањето е член, може да се отвори расправа таму и да се види кои се проблемите, но да спомнам дека ниту со информацијата ниту со прашањата ќе ги решаваме проблемите во земјоделството, тие се сложени секојдневни, времето го носи своето, единствен проблем и пречка е сушата и не можеме да ја извршуваме сеидбата.

Според тоа, има информации, може да се расправа и да градиме ставови по Комисиите, ако Собранието сака расправа, можеме и тоа да го направиме.

За второто прашање е врзано за увоз на ориз. Не сум надлежен, меѓутоа како заинтересиран, а спомнат во еден контекст на дискусијата доколку наодите се точни дека е увезен ориз ако се каже дека поминал без фитопатолошка контрола укажувам дека кога станува збор за илегален увоз, нормално е дека не се повикува ни оваа контрола. Оттаму да констатирам дека сите прегледи на границата и ве уверувам каде има контрола на моите служби не се дозволува никаков влез. Ве уверувам дека влез со контрола и фитосанитарна не е направен. Ако е точно дека е илегален, друг надлежен орган ќе даде одговор во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За другите прашања одговор ќе да де заменик министерот за образование Хасан Јашари.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Со Уставот на Република Македонија член 48 е санкционирано правото на националностите за образование на мајчин јазик во основното и средното образование.

Што се однесува до конкретното прашање за општина Кочани тука со законот за основно образование член 8 став 2 е одредено ова право за припадниците на националностите воспитнообразовната работа да се изведува на јазикот и писмото на националностите на начин утврден со овој закон.

Што се однесува до третото прашање дали може оваа година на се организира настава на тие јазици во општина Кочани јасно дека не може да се организира со оглед на фактот дека е во тек учебната година. Со создавањето на материјално - технички, просторни и кадровски прашања Министерството за образование ќе треба да ја организира оваа законска одредба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам за другите прашања одговор во писмена форма. Прашања ќе постави г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Моето прво пратеничко прашање се однесува до Владата преку ресорниот министер за земјоделие, а е од областа на откупот односно пласманот на грозјето.

Прашањето е во насока кои се оценките и сознанијата на ресорното министерство и на Владата на Република Македонија по однос н а негативните последици во пласманот на грозјето од мерките на економската политика на Владата и тоа како што следува.

**ПАНЧО МИНОВ: (Продолжение**)

Најпрвин негативните последици од планираната инфлација во тековната година. Се спомнува 14%, иако е евидентно дека фактички таа е многу повисока. Потоа економската мерка на девалвацијата од 16%, понатаму економската мерка на укинување на стимулациите за извоз, па и на грозјето.

Амбиентот за создаваше на услови, конкретно за откуп на грозјето, навидум слободен пазар и од домашна конкуренција и слободен за изворни трансакции, но врзан во делот на извозот со контингенти од увозната страна на пазарот за извоз, а тоа е како еден фактор ограничувачки за создавање на пласман на грозјето во извесна насока. Тука би ги спомнал и мерките во однос на како што беше искажано по едно слично пратеничко прашање, врзување на увозот на јужното овошје со јаболката, истата врзаност и со асталското грозје. Последицата на тоа во однос на јаболката 1:2 и во однос на асталското грозје 1:1, или опфатот и на винското грозје во таа смисла.

Понатаму, едно од клучните прашања тоа е кредитно монетарната политика, конкретно во земјоделието, а уште поконкретно во лозарството и дефинирано, во случајот со откупот на грозјето.

Верувајте, комерцијалните банки за овогодишниот откуп на грозјето одобруваат комерцијални кредити со каматна стапка која се движи од 23 до 36% годишно. Тоа е енормно висока каматна стапка која како трошок во преработувањето на грозјето и во преработувањето на вино и жестоки пијалаци е едно од главните објаснувања на откупувачките претпријатија за општо реагирање за ниските откупни цени во 1997 година.

Понатаму да ги спомнам и мерките во делот на монополот на обезбедување на заштитни средства, како една мерка од.........

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дине Минов прашање поставете и ќе добиете одговор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Прашањето јас го поставив и имам по деловникот право да го објаснам прашањето.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вие го образлагате многу нашироко. Поставете прашање и ќе добиете одговор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Прашањето се состои во тоа кои се оценките на неповолните последици од економската политика и преземањето мерки на Владата, конкретно за откупот на винското грозје.

Во завршувањето на моето образложение на ова прашање само ќе кажам дека испаѓа да имаме една состојба на намалување на лозовите насади, од 3 6 хектари на1 34 илјади хектари. Фактички има сознание дека и тоа не е реална бројка. Понатаму, имаме намалување на производството, посебно на винско грозје од 300 илјади тони на 200 илјади тони.

Имаме една политика, би го потсетил, тоа е заложба на актуелниот министер за евтина откупна цена на грозјето, евтино вино кое што е дестимулативно за развој на лозарството, а не треба ни да спомнам кој е интересот на државата во делот на производот во лозарството, во делот на даноците во делот на акцизите, во делот на реализација на девизи од извозот и т.н.

Второто прашаше е до Министерството за земјоделие и следното. Тоа е во содејство со Министерството за финансии, но поради отсуство на министерот за финансии, прашањето го упатувам до министерот за земјоделие.

Прашањето е следното:

Во Законот за данок на производи и услуги член 19 став 1 точка 4 е регулирано ослободување од данок на услуги, здравствена заштита и социјална заштита. Нема прецизираност на што се однесува здравствената заштита. Прашањето е дека покрај здравствените услуги на луѓе има и здравствени услуги на домашни животни кои ги изведуваат надлежните ветеринарни инспекции, односно институции. Прашањето е дали и здравствените услуги и здравствената заштита на животните кои покрај тоа што значат здравствена состојба на животните, преносно посебно влијаат на заштита на здравјето на луѓето, влегуваат и се подведуваат во ова ослободување од данок на услуги што е регулирано во предметниот закон.

Третото прашање е до министерот за труд и социјална политика.

Со донесувањето на новиот закон за вработување, а и со претходниот закон за вработување имаше една пракса во делот на пријавувањето на невработените лица во општинските фондови за вработување, односно заводите на неприфаќање на документација на лица кои се со основно образование или неквалификувани не- вработени лица.

Дали министерот за труд и социјална политика има сознанија дека по општините, во фондовите за вработување има проблеми на невработените лица кои се од категоријата со незавршено основно образование или неквалификувани работници кои потоа се изложени на

многу други работи неостварувајќи го ова свое право преку пријавувањето во евиденцијата на фондовите за вработуваше и остварување на пример на здравствената заштита а кои потоа се изложени на другиот пропис за регулираше на здравственото осигурување што не е можно, па потоа има социјални трауми од тој аспект во лекувањето на децата и слично.

Следното прашање е до министерот за сообраќај и врски.

Позната е проблематиката и актуелноста со ТИТ-картичките како меѓународни дозволи за превоз и во истите зголемувањето на делот на ослободувањето на извознтие стоки.

Дали во тоа зголемување на дел на осигурувањето во тие меѓународни дозволи и нерешавањето на барањата на транспортните правни лица има влијание и до сега зголеменото присуство на транспортери, посебно од соседните држави, Грција и Бугарија и освојување на пазарот од нив, што до сега како дејност го вршеја нашите транспортни правни лица.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Да потсетам дека на минатата седница ни беше поделена информација за откуп на грозјето, не расправавте по неа бидејќи така се определивте. На оваа седница по ова прашање би го одговорил следното:

Македонија годинава очекува да добие 220 илјади тони грозје од кои 30 илјади тони столно и 200 илјади винско грозје. Заради добриот квалитет на грозјето се очекува да имаме добар аранжман и да оствариме околу 170 илјади вино. Тоа е некаде за 15% повеќе од

минатата година.

Беа посочени некои прашан»а дека негативни ефекти ќе дадат, па сакам околу тоа малку да прокоментирам.

Прво, девалвацијата нормално дека позитивно ќе влијае на извозот, бидејќи скоро 80% од ова вино завршува на странскиот пазар. Добро е што завршува на различни пазари, па со тоа остваруваме независност од една или две држави, за да применат мерки и да би не довеле во ситуација да бидеме во неповолна положба.

На прашањето дека нема амбиент за тоа, дека е монопол, јас кажувам дека не е монопол. 14 подруми со законот за вино регистрирани ја остваруваат непречено оваа функција, се конкурираат немилосрдно на пазарот, плус то 6 поголеми фирми со пари на пазарот нудат исто така грозје, а и купуваат и го плаќаат ко минатата година беше проблем и дека сето ова вино како што реков ќе оди надвор.

Пратеникот е во право за две прашање. Едното прашање е прашањето на кредитно монетарната политика која влијаеше на откупот. Таа секогаш влијае во земјоделството и тука сите сме едногласни, заради тоа што постојано одржавме стабилен денар и т.н., а да пуштиме повеќе кредити во земјоделството може да има негативни ефекти. Во тој дел сите проби што се прават оди во таа функција. Значи, се согласувам дека има проблеми аграрот во делот на обезбедување на кредитите. Тоа прашање ќе не мачи уште долго време, меѓутоа конкретно за откупот на грозјето нема да влијае. Ако влијае кај еден колектив ќе е задолжен подолго време, кај другите состојбата не е таква.

Исто така се согласувам, тоа е и наша определба дека лозјата се застарени, доста проретчени и треба да отвориме циклус на инвестиции. И во преговорите со Светската банка кога бевме за кредитирањето на наводнувањето во овој регион, едно прашање што го поставивте и што дојде до согласност дека ќе може да се отвори циклус на инвестиции во лозарството за 19 98 година под услов претпријатијата да се приватизирани и да не покажуваат загуби. Инаку неспорна е и потребата, тоа веќе за приватниот сектор не е спорно и веќе се одобруваат такви кредити кај деловните банки. Денес седницата ме спречи да бидам со банките околу довршувањето на онаа започната процедура околу давање кредити за приватни фарми, за што има интерес, меѓутоа, банките се уште се тешко решаваат да даваат пари. Значи, да прецизирам, дека навистина околу инвестициите тоа треба да биде наша ориентација и во право е пратеникот кога кажа дека треба да го свртиме вниманието кон нив. Тоа е едно прашање кое се повторува и кај оризот и кај грозјето и кај јаболката и слично.

Сега укажуваме од нашето министерство е дека основата треба да биде за развој на приватното земјоделство, фармерството што го викаме сега модерно, формирање на здруженија на земјоделци по гранки, по струки, по територии и т.н. Тие не се правата да правата политика и маркетинг за избори. Тие треба да бидат во функција. Ако подрумот од Тиквеш - Кавадарци не им одговара, евтино им купува, скапо извезува, во светот здруженијата сами си прават подрум, но и сами одговараат, не како што е сега ситуацијата кога не чини е крив подрумот, па и министерот за таа работа, кога ќе им е добро ќе трачаат сегде. Ние имаме ситуација сега  извезуваме домати. Сето производство од Свети

Николе оди во Бугарија. Кога некоја фабрика ќе падне во ситуација да не може да го откупува производството, тогаш ќе ја бараме неа. Па, пазарно стопанство сме. Треба сами треба да се договараат. Според тоа да завршам, здруженијата на: земјоделците треба да сфатат дека немаат само права и туку и обврски и треба да си ги решаваат проблемите на овој начин како што е решено. Не да го копирано само запад во еднио т дел. Запад значи и тоа за влегуваше во ризици, целиот капитал да го вложуваме каде што е ризикот, а бидејќи комбинатите веќе не се под државно влијание туку се приватизирани, ќе си ги решаваат сами проблемите.

Второто прашаше беше за данокот на услуги и во ветеринарството бидејќи оттука се подлежи на плаќање на данок. Тоа значи дека буџетот застана да алиментира пари во оваа гранка и наплаќа после за истото. Во право е пратеникот ние имаме пуштено во процедура владин материјал, ова прашање да го уредиме или со измена на закон, или да најдеме излезно решение прашањето да го третираме. Мислам дека пратеникот е во право иако инсистира на писмен одговор ќе почека за да го прашањето добро согледаме, а ако го задоволи овој одговор, мислиме дека треба така да го решаваме.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Моето дополнително прашање е што Владата на РМ и ресорното министерство за земјоделие во делот на мерките за кои и самиот министер се согласи дека се реалност на проблем при откупот на грозјето, а тоа е монетарно - кредитната политика и превисоките каматни стапки од 33 до 36% на овогодишните кредити за откупот, ќе преземе

преку она што значи носителство и надлежност на Владата во кредитно - монетарната политика, преку инструментите, да не кажувам сега, на овластувања на комерцијалните банки за користење на странски кредити и средства за комерцијални потреби преку користење на буџетските средства и т.н. Инструментите ги има во делот на намалување на каматите бидејќи тоа ќе биде едно растоварување на трошоците на откупувачките претпријатија, а тоа да биде во крајна линија интерес за земјоделците лозари кои тоа го бараат. Тие фактички бараат кооперативни односи со откупувачктие претпријатија да учествуваат во поделбата на ефектите од реализацијата на производите, конкретно виното и жестоките пијалаци.

Точно е тоа дека девалвацијата ќе го стимулира извозот, но прашањето е што индивидуалниот производител лозар, за него тоа тој не го осеќа ако не се интервенира со овие инструменти со кои е надлежност Владата во банките кои сега профитираат од обезбедувањето на средства за кредитирање на откупот, како што има интерес и државата преку реализацијата на девизи и преку данокот и акцизите. Кои мерки ќе преземе тој интерес да го осети тој што произведува односно лозарот односно земјоделецот.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Мислам дека прашањето на кредитна политика е комплексно прашање и не би било во ред, односно коректно јас да одговарам така на брзина. Мислам дека пратеникот ќе треба да се задоволи со тоа дека Владата со кредитната политика за 1998 година да го реши и тоа прашање.

XIII/9

**ПАНЧО МИНОВ:**

Нормално не сум задоволен од одговорот на дополнителното прашање и барам исто така како што се заклучи да се разгледува информација за пласман на јаболкото на наредната седница на Собранието да се разгледува од овој аспект, од аспект на мерки на Владата во разрешувањето и придонесувањето на надминување на проблемите на откупот од интерес и на претпријатијата кои се од купувачи и за земјоделците.

Барањето е како незадоволен од одговорот на дополнителното прашање, оваа информација да си добие актуализација на проблемот со откупот и пласманот на грозје на наредна седница на Собранието.

**КИРО ДОКУЗОСВКИ:**

Јас потсетив дека на минатата седница за истата проблематика беше понудена информација. Гласавте тогаш да не расправате. Само 6 беа за тоа да се расправа. До тука е моето. Натаму не можам да кажам дали да гласаат или не. Немаме време само да пишуваме информации кои завршуваат во мојот кабинет или кај што не треба. Тие треба да завршат таму кај што треба, овде. Не е коректен и односот кон органите на управата само да пишуваат информации а кои што завршуваат лошо. Гласавте на минатата седница да не расправаме за ова прашање. Јас сепак укажав дека Владата за прашањата на кредитно монетарната политика ќе расправа односно во тие рамки ќе го согледа и ова прашање. Кажав дека отворено и за мене како ресорен министер е прашањето на кредитирањето на земјоделството. Ако сакате информација ќе ја повторам истата истата информација, ќе ја добиете и

ако сакате да си играме, а мислам дека не е коректно ни од ваша страна, ни од мене, да барате нешто што ви е доставено.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас целосно се согласувам со министерот за земјоделие, по однос на неговото објаснување и во тој дел тој е во право. Но, конкретно по барање е дека се работи за информација по однос на актуелните проблеми во откупот и пласманот на винското грозје во 1997 година.

XIV/1.- РД-ВБ

**ПАНЧО МИНОВ: (**Продолжение)

Таа информација беше ќе повторам за планираните количини на производство на грозје 1997 година. Ќе потсетам повторно нема логика овој Парламент, кога Владата е предлагач за разрешување или актуализирање на некои проблеми како што е пласманот на јаболкото, еден критериум да има кон тој проблем во земјоделието, а друг критериум да има кон актуализација и придонес и на овој Парламент и на Владата и на ресорното министерство за разрешување на исто така проблемите кои се актуелни за пласманот на грозјето.

Од тој аспект мојот предлог е мислам претставниците на Владата треба да го прифатат, како што го прифатија и во однос на пласманот на јаболката и ако се тие предлагачи таа точка по деловникот си доаѓа на дневен ред на наредна седница на Собранието во која сигурно ќе се актуализира и аспектот на монетарно -кредитната политика, насочување со одредени заклучоци во целост, било конкретно во земјоделското производство на јаболки, дали грозје итн. Од тој аспект предлагам претставниците од Владата со исти критериум, како и Информацијата за јаболкото, само во делот на пласманот на грозјето се прифати во едно заедничко гледање на тие проблематики во земјоделското производство откуп на јаболко, откуп на грозје на првата наредна седница за 8 наредниот месец.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По однос на ова прашање г-динот Панчо Минов е претседател на Комисијата за деловнички прашања и знае дека доколку тој не се согласува пратеникот, со одговорот на пратеничкото прашање, тој може да бара изјаснување од Собранието, да се отвори расправа п однос на истата. Со оглед на тоа што не има повеќе министри отколку пратеници, очигледно тоа не е возможно и за тоа ќе искористи прилик при изјаснување за дневен ред на нова седница да побара до претставници

на Владата да изготват таква информација. За друго може само одговор на пратеничко прашање за што министерот прифаќа да даде одговор. Што се однесува до прашањето упатено до Министерството за труд и социјална политика точно е тоа дека степенот на образование не е услов за стекнување на статус на невработен, односно на евиденција во Бирото за вработување како невработен. Доколку има такви примери, јас ова го сфаќам како укажување да ги испита случаевите, доколку има такви тоа е против на законот.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Околу прашањето за издавање на осигурување кај вредноста на тирканетот би дал едно образложение дека тирканет е царински документ, се однесува за полесно поминување помеѓу граници и за оцаринување при крајната дестинација на робата. Се однесува на тоа што со овој документ царинските формалности се проценуваат на минимално задржување на времето при поминување на границите, но во последно време имаме, поготово по распадот на Советскиот сојуз, и земјите кои се во транзиција, имаме појава на масовно протестирање на тирканети. Тоа е таканаречен еден хаос кој што зафати при истоварање односно неистоварање на крајните дестинации на робата, односно неносење на роба на царинските терминали, туку истоварање на други места и земјите кои што практично треба да соберат одредени средства со царинењето се оштетени и ги протестираат таквите тирови и во таква една ситуација меѓународната организација за транспорт, односно онаа организација која што ги издава тиркарнетите од Женева се достави еден документ за сите корисници во Европа, не само во Македонија со кое се бара да секој тиркарнет е покриен со одредено осигурување, а осигурувањето треба да биде најмалку 50 илјади долари.

Во една таква ситуација и дистрибутерот во Македонија Македонија-сообраќај се обрати до сите транспортни корисници на ваков тиркарнет со кој што побара да има осигурување за користење на овој документ. Во таа ситуација се појави една додатна можност, се создаде

една додатна можност секој корисник да -има осигуруваше, од осигурителните куќи во Република Македонија, на основа што и пратеникот го постави прашањето за зголемување на цената на тиркарнетот. Тоа е тој дел што практично секој корисник и сам себе се осигурува, има една поголема сигурност и крајниот извозник и увозникот имаат една по- голема сигурност дека робата ќе биде испорачана на крајната дестинација.

Дали ова зголемуваше има влијание да имаме конкуренција од странските возила, мислам дека овој трошок не е за потценување, впрочем ниеден трошок не е за потценување во целина мислам дека не влијае толку многу, колку што имаме смален обем на производство, а пред се имаме голема концентрација на товарни моторни возила во Р1У од општо познатите причини, тоа беше едно масовно купување на возила за време на ембарго и санкциите и затоа мислам дека овие возила сите не можат да најдат работа, а се чувствува и се мисли дека имаме конкуренција од надвор така да во овој случај по искористеност на возила односно дозволите од странските возила не е изразена некоја значајна конкуренција во Република Македонија, напротив ние сме како една мини транспортна сила на овој дел од Балканот и сме принудени често пати неможејќи да ги запослиме нашите капацитети бараме повеќе дозволи со земјите кои приговараме за овој вид сообраќај.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Би кажал само за една интервенција по однос на моето изјаснување, за тоа дека не сум задоволен од одговорот на дополнителното прашање, по однос на проблематиката за откупот на грозјето, во таков случај според Деловникот, кога има и материјал, материјалот е изготвен од Владата на првата седница на Собранието закажана за 8 наредниот месец, ќе побарам Собранието да се изјасни, бидејќи сега нема кворум.

XIV/4.-

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Прашање до Министерството за здравство. Здравствената заштита на населението во општина Зелениково се остварува преку здравствената амбуланта, која е лоцирана во Зелениково. Можностите на мештаните и околните села Орешани, Ново Село, Пакошево и Стравјадица и другите околни села да им се пружи здравствена заштита, преку оваа здравствена амбуланта се минимални. Поради тоа што не се почитува работно време од страна на вработените, а исто така и од неорганизираниот систем на дежурство. Прашувам, што превземало Министерството за здравство, или што ќе превземе, здравствената амбуланта и аптеката во село Зелениково да се опреми и да ги исполни основните потреби во интерес на населението. Исто така прашање до Министерството за здравство, кој се можностите/Министерството за здравство да се прошири капацитетот на здравствената амбуланта со една стоматолошка амбуланта, а исто така за нова изградба на амбуланта во село Црни Врв, општина Студеничани и Гумалево општина Зелениково.

Едно прашање до Министерството за образование. Ви основното училиште Драга Стојановска во село Црни Врв секоја година останувaат по петнаесет првачиња не запишани, поради немаше на просторни услови во училиштето. Прашувам дали Министерството за образование и физичка култура има увид за горенаведената состојба, тие првачиња да се запишат како и секаде во основните училишта во земјата.

Едно прашање до Министерството за внатрешни работи. Врз основа на кои акти, припадниците на Министерството за внатрешни работи на гранични премини не им дозволуваат влез на нејзини граѓани кои се родени, се во мешовит брак или се жители на Република Македонија. Со вакви проблеми се соочуваат граѓани од албанска националност,

Прашувам затоа што тука е ограничување и не се почитува Уставот, дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите правата и дека граѓаните пред Уставот и Законот се еднакви, без разлика на национална припадност. Таквипримери во последно време имаме доста.

Исто така едно прашање до Владата, дали Владата е во можност да подготви и на Собранието да му достави , преглед за национална припадност на вработените во органите на управа и во јавните установи и служби.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

На поставените две прашања би одговорил следно. Јас во врска со одговорот на Тантаров нешто кажав. Доколку во Зелениково постојат повеќе осигуреници од предвидените норми со изјаснување за матичен лекар , сигурно дека ќе постојат услови за проширување на капацитетот на таа амбуланта. Тоа се одредени критериуми што Министерството ги донесе и мислам дека со донесувањето на измените на Законот и он. што реков, што одговорив на пратеникот Тантаров, ќе одговорам и следното дека стимулативните мерки во иднина со новите прописи ќе бидат такви, што ќе биде самиот лекар принуден да обавува што повеќе интервенции со подолго работно време. Повторно ќе повторам дека ако го надминува бројот на осигуреник на матичен лекар во Зелениково, тогаш би можеле да зборуваме за проширување на тие капацитети. Можноста да се работи сменски во овие рурални предели многу е потешка, но доколку постојат економски оправдувања, сигурно дека тие лекари што ќе бидат таму одредени ќе бидат заинтересирани за една таква работа.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Навистина не е возможно граѓани на Република Македон државјанин на Република Македонија со уредни патни исправи да бидат спречени да влезат во Републиката.

XIV/б.-

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Јас незнам колку бев јасен има граѓани на Република Македонија кои привремено работат во странство и се жители на Република Македонија и се во мешовит брак или по некоја друга основа се жители на Република Македонија и се во постапка да добијат државјанство. Истите, поради тоа што се во постапка за добивање државјанство и до тој документ уште не се дојдени, истите граѓани се враќаат назад

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ.**

После ова појаснување од пратеникот би кажал дека навистина не е возможно таква работа. На пратеникот му е познато за такви случаи, дури и Владата се определи за едновремено решение да издава патни листови за странци со кои што таква категорија на граѓани ќе можат да влезат во Република Македонија. За некои поединечни случаи, навистина не ми е познато. Доколку има такви случаи, можеби најдобро ќе биде пратеникот да каже кога и каде тоа се случило.

**НАЗМИ МАЉИЌИ:**

Тогаш едно дополнително прашање да ми се одговори писмено колкав е бројот на тие граѓани што се регистрирани на граничните премини и не им е дозволен влезот во земјата.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, членови на Влада, јас имам четири пратенички прашања кое едното беше од претходен пратеник поставено, меѓутоа повторно ќе го повторам.

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски, кога ќе се почне со изградбата на надвожњакот кај селото Кажани на патниот правец Битола -Ресен. Ова прашање по трет пат го поставувам. Во двата

одговора се викаше дека имовинските односи не се разрешени. Меѓутоа имовинските односи сега се разрешени и мислам дека селата Кажани , Малиште, Доленци, Рамналера, Горносрпци и други имаат право и тие директно преку надвожњакот да излегуваат на овој патен правец, а не да се упатуваат кон Битола, а после да се приклучуваат.

Второто прашање е до министерот за градежништво, урбанизам и заштита ана човековата околина. Се работи исто така по трет пат поставувано прашање, а тоа е за изградба на регионалниот водовод од Битола до грчката граница. Повеќе пати е ветувано дека овој потег на овој дел дека ќе отпочне изградбата на овој регионален водовод, меѓутоа до денеска не е ништо сторено. И покрај тоа Битола што го има Стрежево, меѓутоа, 10 до 15 села кои се на тој потег, посебно во крајна критична состојба се селата Октичари, Еври, Лажје, Жабљани, Меџит-лија, Породин и Кременица. Дали ќе дојде до реализација во овој крај.

Уште едно прашање до министерот за сообраќај и врски. Дали е можно на влезот пред Прилеп на патниот правец Скопје - Битола да се постават на различна оддалеченост два патокази по забележителни за влез кон Прилеп и кон патот кој продолжува кон Битола.

Четвртото прашање што беше поставено од страна на еден пратеник од Битола одговорот не го слушнав дали беше за усмено или писмено меѓутоа да имаше можност усмено да се одговори е многу битно. Се работи од најавата за исплатата на штедните влогови по Законот за исплата на 500 германски марки требаше да се отпочне во месец септември меѓутоа, не знаеме од кога ќе отпочне оваа исплата. Добро би било да имаме усмен одговор, ако има можност. Мислам добро би било и прек средствата за информирање да се објасни затоа што граѓаните најавата ја очекуваат меѓутоа, не се знае кога ќе почне.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговорот ќе го добиете во писмена форма.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Моето прво прашање е инспирирано од едно тврдење што го чувме на синоќешна емисија на ТВ-Трибина на независна телевизија Прилеп.

Прашањето гласи. Дали во Владата на Република Македонија има членови кои имаат и странско државјанство.

Второто мое прашање се однесува до Министерството за земјоделие, штета што министерот не е тука, јас го познавам како добар познавач на таа проблематика, ова прашање не го поставувам за прв пат, ќе го повторам бидејќи кога претходниот пат го повторив не добив одговор од тогашниот актуелен министер.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:** (продолжение)

Се работи за состојбата за колење на жив добиток надвор од објектите наменети за таа намена. Ова е појава за што мислам дека повеќе пати е дискутирано со повеќе институции надлежни за тоа, меѓутоа сметам дека состојбата воопшто не е подобрена. И понатаму се случува тоа со ваквиот начин што излегува од контрола на државата се доведува во опасност прво, здравјето на населението, бидејќи стои потенцијалната можност од ширење заразни болести преку непрегледаното место што се коле, се работи во несоодветни објекти. Од друга страна кланичната индустрија во Македонија се доведува во една состојба на нелојална конкуренција, бидејќи ова месо што понатаму се пушта во промет во малопродажба сигурно дека не е евидентирано, ослободено од редица трошоци, а тука е оштетена државата, пред се по основ на прикривање на данокот на промет и данок од добивка.

Од тие причини, со оглед на тоа дека министерот не е присутен би барал писмен одговор за мерките и активностите што Министерството, сметам заедно во соработка со Министерството за стопанство и финансии, бидејќи мислам дека ги допира и овие две министерства да добија одговор кои мерки и активности Министерството би ги презело за оваа појава што веќе стана раширена во државата, да се спречи во наредниот период.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор г-дин Насер Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам да одговорам на првото прашање, одговорот е дека нема член на Влада кој нема државјанство на РМ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Николовски

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Можеби лошо се разбравме, прашав дали во Владата на РМ има членови кои имаат и странско државјанство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали ќе одговорите на ова прашање? Одговор ќе добиете во писмена форма. Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани министри и дали да речам колеги пратеници ,

Па, изгледа денеска Парламентот го самораспуштивме, нема потерба од друга формалност.

Јас ќе имам и доблест и храброст и личен морал на претставниците на Владата да им се извинам во името на сите пратеници за нивниот некоректен однос и што не доведоа во еден ваков амбиент кога имаме повеќе претставници на Влада од пратеници. Предлагам во иднина претставниците на Владата во ваков амбиент да не доаѓаат на седници и не дозволат да бидат поставувани прашања. Тоа го велам најискрено, најчесно, најдостоинствено. Важи за сите, освен за нас што останавме тука.

Второ образложение ќе биде дека неколку прашања ќе морам да формулирам, бидејќи претставникот на Владата на минатата седница се сеќавате неколку мои информации сугерираше и посочи да бидат дадени во форма на пратенички прашања. Така што јас ќе се обидам она што беше идејата за информација, да ја преточам во пратеничко прашање иако е сосема поинаку. Но, што е, тоа е.

XV/3

Прво прашање, убиството на 20 август на командирот на полицијата во с. Дебреште и ранување на повеќе милиционери ја вознемири јавноста. Поради соочување со непријателска илегална група од албански државјани, длабоко на територијата на РМ.

Прашањето гласи, дали се работи за неподготвена интервенција од страна на МВР или е во прашање замка, заседа, со задушна под дршка на јатаци од месното население и , како е можно таа група да логорува во подолг период во блиската шума?

Второ прашање, во с. Палчиште на 7.IX.1997 година беа убиени двајца припадници на МВР Дано Петровски и Жута Имет, при обиде за притворање потенцијален убиец и при што еден е тешко повреден.

Дали ќе биде посочен виновникот за ова, по мене "самоубиство" на овие млади луѓе кога на крајно непрофесионален начин е направен обид да крим-техничар врши притворање на убиец?

Трето прашање, на 2 август е симнато македонското државно знаме од пред седиштето на новоформираната општина во с. Брвеница. Нормално тоа ги навреди чувствата на граѓаните и не само на жителите на оваа општина.

Прашањето гласи, кој и со кое право го прекрши Законот за употреба на државното знаме на РМ?

Четврто прашање, дали после инцидентите на македонско-албанската граница, што зачестија и се секојдневна појава, особено по горенаведените трагедии и трагични настани ќе бидат преземени поефикасни мерки за заштита на границата, при што , прашањето е, дали компетентните фактори ќе се одлучат на протерување на сите ќе во РМ престојуваат илегално и дали ќе биде преземена енергична акција преку општ јавен повик или некој друг начин да се предаде оружјето што се поседува без одобрение?

Следно прашање, во Тетово, на повеќе локации се изведува настава во рангот на предучилишно и средно образование и основно и средно образование спротивно на основните педагошки, психолошки, социолошки и хумани норми.

Прашањето е зошто се кршат овие основни одредби при кои што веднаш нема да прифатам одговор во смисла на тоа дека нема простор за изведување на настава?

Следно прашање, зошто во Средно економското училиште во Тетово "8 Септември" е пробиен конкурсот за упис на ученици каде што примени се повеќе ученици кои што имаат помал број поени, со што конкурсот добива елементи на национална и политичка определба.

Прашањето гласи ако во конкурсот не се одвоени паралелките на кој наставен јазик ќе се изведува наставата, зошто се одбиени кандидати со 84 поени, визави кандидати кои имале 75 или приближно толку поени?

Следно прашање, во подрачното училиште во планинското село Луковица на конкурс за учител не се јавило лице со соодветно образование, а на повторен конкурсот се јавуваат кандидат со завршено трговско училиште, тригодишно и професор по историја. Да ве прашам, што мислите, кој е примен? Сигурно со трговското училиште.

Прашањето е зошто, иако, нели ниту едниот ниту другиот кандидат не ги исполнуваат условите предвидени со Законот, но ваквата појава во ова училиште и во ова село се повторува втора или трета година.

Во село Вруток во новоформираната општина Службата за општи и заеднички работи склучува договор за времено користење на објект Дом на културата, со површина од значајни 440 м2, приземје плус кат, 220 + 220 метри. Не би било ништо лошо ако со ова не се прават неколку

проблеми: Имено во приземјето на овој Дом на културата, како и во повеќето случаи, имаме пракса, со години со децении да се користи за собирање на месното население , за играње шах, размена на искуства и тн. и тн.

Прашањето е дали не е порационално и пооптимално спратот да биде наменет за единицата за локалната самоуправа, а приземјет<о да остане да ја обавува намената и функцијата што ја имала, во толку повеќе што и овие 220 м2 сигурно се огромна површина која што, верувам, ниту државата ниту некој може да ја опреми солидно за на мената за која што е предвидена.

Сличен обид за манипулација има и во новоформираната општина Теарце каде се оди во друга насока, потполно рушење на Домот на културата и на истата локација градење на нов објект за намена Совет на локална самоуправа, едноставно општина.

Следно прашање, зошто сеуште немам добиено одговор од Министерството за здравство, како компетентно, по повод Информацијата што ја барав за наводното труење во Тетово и тетовско.

Прашањето е конкретно, со оглед дека сите информации и сите анализи децидно кажаа дека нема елементи на труење, прашањето е дали ќе бидат идентификувани организаторите, режисерите и сценаристите на ова срамно дело на манипулација со ученици, млади луѓе.

Десетто прашање, со него ќе завршам, според тарифниот број 2 точка 9 од тарифата на данок на промет на производи и услуги, електрична енергија се плаќа данок со стапка од 5%. Таа е содржана во малопродажната цена од 1,52 и 0,76 денари за високата и ниската тарифа.

Прашањето кој ја прекршил оваа Одлука на Владата за од дување на малопродажни цени и дали средствата во замашна бројка околу 25-26

милиони германски марки ќе им бидат вратени на граѓаните? Инаку, за ваша информација Демократската партија на Македонија по ова прашање поднесе иницијатива до Уставниот суд на РМ и добро е претходно Министерството ова прашање да го разреши за да, Уставниот суд не биде понатаму затрупан со индивидуални иницијативи, што не би сакале.

Благодарам

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој ќе одговори ?

Има збор г-динот Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Во врска со комплексот на четири-пет прашања упатени н МВР, би го замолил пратеникот Томислав Стојановски да прифати да одговориме писмено, бидејќи навистина има конкретни ситуации. Но, сепак би упатил една замолница, во иднина да се воздржуваме од оценување, да речам , односно изнесување на оценки за нестручно, да речам неквалитетно, дилетантско подготвување на акциите и активностите на МВР , бидејќи тврдам дека секогаш се настојува стручно, професионално тоа да се планира и да се изведува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во потполност ја прифаќам сугестијата и коментарот, меѓутоа тоа е резултат на она што практично при барањето на информации не ги добиваме информациите и нормално, да поставуваме прашања во една ваква форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Јашари, заменик министер за образован

XV/7

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Во врска со прашањето за економското училиште во Тетово ќе дадам еден едноставен одговор. Ние, со конкурсот за запишување ученици во средните државни училишта во РМ огласивме 27.000 ученички места и со соодветен број паралелки. Запишавме 24.000. Значи, сме имале доволно места.

Со Економското училиште во Тетово дојдовме до заклучок да не се зголемува бројот на ученички места и паралелки на македонски јазик од проста, едноставна причина, бидејќи во гимназијата во Тетово ќе се наруши тоа вообичаено, по правило, формирање паралелки на македонски јазик. Немаше доволен број на ученици и паралелки на македонски јазик во гимназијата во Тетово. Тоа беше едноставната причина, или тоа или тоа. А, елитно училиште е и гимназијата во Тетово и Економското училиште во Тетово. Тоа беше причината.

Дојдовме до заклучок дека би било подобро во гимназијата бидејќи има соодветен кадар со години и да се сочува тој број на паралелки.

Второто прашање, што се однесува до проблемот во с. Лакавица таму има четири ученици кои учат на македонски јазик. Точно е тоа што го рековте дека изборот на наставно-воспитниот кадар треба да биде според Законот, да има соодветни квалификации. Меѓутоа, животот понекогаш е посложен од самиот закон.

Таму се соочивме со една ситуација во која што учителката која предаваше има две свои деца и заради тоа што избравме соодветен кадар не ги оставаше децата да одат на училиште, две, и двете други исто од селото протестираа, така што пет месеци немавме настава. Ова беше пред две години. Минатата година го имавме истиот случај и моравме и ние, покрај Законот , да бидеме практични и да го решиме со тоа што истата ја примивме со тригодишно трговско училиште само

заради интересот на децата тие да бидат опфатени со настава наставата да се одвива нормално.

Тука имавме и еден друг момент, бидејќи тоа е планинско место, наставникот кој требаше да патува од Тетово во зимскиот период немаше можност да патува до селото. Благодарам.

XVI/1 НН/лј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вториот одговор ќе го прифатам .дека треба да разговараме на таа тема и во некои други услови.

Првото не можам да го прифатам од причини што практично е пробиен конкурсот. На конкурсот не е одредено кои паралелки, колку, на кој наставен јазик ќе бидат. Според тоа, оно објаснување дека имапло слободни места во други училишта, без оглед дали се тие елитни или не не значи дека учениците не се обесправени. Тие ученици со поголем број поени се обесправени бидејќи во тоа училиште се примени кандидати со помалку број поени. Во тоа е мислам основата на моето поставено прашање и одговорот не е во ред затоа што во конкурсот не стоело на кој наставен јазик толку паралелки.

Она што велите вие г-дине заменик министре, традиција... мислам дека во овој случај не држи, затоа што треба да разликуваме економското образование е завршно образование, оформено образование, обезбедува некоја егзистенција додека гимназиското образование, да бидеме објективни значи во денешни услови 100% по подготовка за продолжување на више и високо образование. Така да тука не можеме да ги ставиме работите дека се така едноставни. Учениците се со право обесправени и мислам дека мораше тука да се најде одредено решение. Впрочем, и тоа е пазарна економија, а имаше можности, сакаа да учат економско образование како понизок степен на образованија не мораме да ги присилуваме да одат во гимназија и потоа да одат на високо образование.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Само да докажам дека немате право.

Со точката 6 од конкурсот за запишување на ученици во средните државни училишта стои "избор и запишување на учениците и формирање на паралелки". Бројот на паралелки за наставен македонски јазик и на јазиците на националностите се утврдува и огласува на јавно место во училиштето. Веднаш по објавениот конкурс, а во рамките на вкупниот број на паралелки утврдени со овој конкурс. Значи, однапред е

утврден бројот на паралелките и бројот на ученичките места на наставата на албански и на македонски јазик и во гимназијата и во економското училиште. На кој начин после се запишани учениците.

Согласно на тоа ние сме имале доволен број на ученички места и паралелки објавени и на македонски и на албански јазик.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во конкурсот не стои едните ученици да се запишуваат со толку поедини другите со толку. Конкурсот е заеднички и има критериум. Јас не го спорам она што вие го зборите, меѓутоа стварната состојба е она што јас ви го кажувам и дека тие ученици се обесправени.

**ПЕЦЕ ИЛИЕВСКИ:**

Со оглед на тоа дека имаше и прашање во врска со информацијата за труењето јас би го кажал следното:

Тоа беше еден проблем кој што го наследи, а можам да ви кажам дека толку проблеми наследи што овој проблем уште не е дојден на дневен ред да погледам и да ви дадам информација.

Секако, ако досега не ви е дадена информација во иднина ќе ја добиете.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, г-да министри, заменици, малку пратеници Едно прашање до Министерството за развој.

Се работи за месна заедница село Немањици во општина Свети Николе. Имено, направена е една историска неправда затоа што Исток, Север и Запад сите месни заедници влегуваат во компактно неразвиени, а оваа месна заедница по кои правила е вон игра не знам. Да бидам поконкретен.

Се работи за селски водовод за кој еве две години е направена и програма, извршени се испитувања, бунарски мерења, комплетно се има недостиг на средства.

Мислам дека ќе се најде разбирање, тука е и заменикот министер, сигурно дека ќе помогне оваа месна заедница да влезе во компактно неразвиени и да се помогне на оваа месна заедница.

Не е присутен министерот за урбанизам и градежништво да се влезе во програмата затоа што знаеме дека Министерството за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина располага со некои средства за водовод, така да оваа месна заедница е поголема, еве 45 години нема водовод, па да се најдат средства да се помогне.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Барате одговор во писмена форма.

**СЛОБОДАН ДАНЕВ:**

Еве и заменикот министер ја прифаќа оваа моја интервенција дека село Немањици ќе влезе во компактно неразвиени подрачја, така да нека биде во писмена форма.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Едно пратеничко прашање до Владата односно Министерството за образование.

Каква е оценката на Владата од потребата за нова поставеност или нови содржини како во институциите на предучилишното и основното образование, така и во смисла на содржини на нови или дополнување на наставните планови и обука на наставниот кадар кои би биле во функција на унапредување на предучилишното и основното образование, кои би биле во функција на унапредување на односите, на вкупните односи на граѓани, државјани на Република Македонија кои припаѓаат на различна национална припадност.

Прашањето се наметнува и актуелноста само по себе поради се позачестените претходни години на присутноста на тие млади деца, до 12-13 години и нивната присутност преку медиумите да можат да следат некои настани кои што не одат во прилог на нивно зближување.

Значи, прашањето гласи: Дали Владата има став или оценка од потребата за нови содржини и поставеност во наставниот полан, обука

Значи, прашањето гласи: Дали Владата има став или оценка од потребата за нови содржини и поставеност во наставниот полан, обука на наставниот кадар и институциите од предучилишното и основното образование.

Одговорот може да биде во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Кароe беше последниот пратеник што бараше да постави пратеничко прашање.

Дали ќе има некој друг да сака да постави пратеничко прашање? (Нема)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со 76-та седница.

Седницата заврши во 18,30 часот).